**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деведесет и петтата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 31.03.2005 година**

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 95-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Абдулади Вејсели, Фазли Велиу, Али Ахмети, Мендух Тачи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски,Орданчо Тасев, Љупчо Балковски, Љубисав Иванов - Ѕинго и Стојан Андов, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве молам за тишина.

Пред да преминеме на работа (опомена до пратениците да си седнат на своите места), од претседателот на Владата на Република Македонија бев замолен да разговараме со координаторите на пратеничките групи, со оглед на тоа што имаат закажано седница на Владата, денеска да работиме до 16,00 часот. Јас воспоставив контакт со сите координатори на пратеничките групи, една од пратеничките групи ВМРО-Народна не се согласи со тоа, останатите пратенички групи се согласија. Сакам да ве известам дека после 16,00 часот ќе бидат присутни само замениците министри од Владата на Република Македонија и оние кои можат да присуствуваат, а на оние кои ќе поставуваат прашања ако нема претставник на Владата, писмено ќе им се одговори.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеникот Спиро Мавровски, Блаже Стојановски и Мите Николов.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Спиро Мавровски, Драго Шајновски, Замир Дика и Марјан Ѓорчев.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Слободан Најдовски, Марјан Ѓорчев, Замир Дика и Ѓорѓи Трендафилов.

Министерот за правда достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ристе Бислимовски и Ристо Пејовски.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Слободан Најдовски и Коста Прешовски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ристо Бислимовски, Мите Николов и Ефтим Манев.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Недим Рамизи и Ѓорѓи Трендафилов.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ефтим Манев, Марија Којзеклиска и Лилјана Поповска.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Коста Прешовски.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Мавровски не е присутен.

Го молам пратеникот Блаже Стојаноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Блаже Стојаноски не е присутен.

Го молам пратеникот Мите Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мите Николов.

**Мите Николов:** Ви благодарам потпретседателе,

Задоволен сум од одговорот на Владата на Република Македонија и немам дополнително прашање.

Слободан Најдовски: Господинот Спиро Мавровски не е присутен.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Јас би имал да поставам дополнително прашање.

Во моето прашање се бараше одговор кои фирми, а мене ми е одговорено колку фирми. Одговорено ми е дека се 9 фирми. Би го замолил министерот да ми каже точно кои се тие фирми, бидејќи сакам да разговарам со тие фирми.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Одговорот е даден согласно законите во Република Македонија. Истото прашање неколку пати е преповторувано и тоа е единственото што можеме да го направиме.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Замир Дика да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Замир Дика не е присутен.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Задоволен сум од одговорот и нема потреба од дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Јас сум задоволен од одговорот, немам дополнително прашање.

Го молам пратеникот Марјан Ѓорчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Замир Дика да се опроизнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Замир Дика не е присутен.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни рајботи или сака да постави дополнително прашање.

И господинот Трендафилов не е присутен на седницата.

Го молам пратеникот Ристе Бислимовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ристе Бислимовски.

**Ристе Бислимовски:** Благодарам потпретседателе, задоволен сум од одговорот и не само што сум задоволен, туку се задоволни и граѓаните со утврдувањето на новите граници на новата општина Бутел.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Ристо Пејовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за правда или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Ристо Пејовски не е присутен на седницата.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе дали е заздоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Ова мое прашање беше дополнително и немам дополнително прашање сега.

Го молам пратеникот Коста Прешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Коста Прешоски.

**Коста Прешоски:** Благодарам потпретседателе, задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Ристе Бислимовски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополителни прашања.

Има збор пратеникот Ристо Бислимовски.

**Ристо Бислимовски:** Благодарам потпретседателе, задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Немате дополнително прашање, благодарам и вам.

Го молам пратеникот Мите Николов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мите Николов.

**Мите Николов:** Ви благодарам господине потпретседател, задоволен сум од одговорот, немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Во однос на одговорот на прашањето од Министерството за транспорт и врски сметам дека одговорот е реален, компактен, но не е докрајчен. Освен што се изјаснило Министерството дека во 2004 година не е работено на пругата Куманово-Бугарска Граница, тоа е што немало доволен интерес на кредитните банки да финансираат поради економска неоправданост. Јас имав уште еден дел на тоа прашање кое не е одговорено, па доколку е во состојба министерот да одговори дали Република Македонија гледа економска оправданост во доградувањето сега на тој пат или ќе остане за други години, бидејќи инвестицијата која треба да се инвестира за доградување на тој пат е преку 300 милиони евра. Јас и во прашањето го имав тоа, на тој дел не ми е одговорено, а е одговорено дека не се кредитира патот што нема економска оправданост.

Дали имаме интерес да го продолжиме или нешто друго ќе правиме, па во тој дел ако може министерот да ми одговори.

**Слободан Најдовски:** Не го гледам ни министерот ни заменикот, па дали некој од Владата ќе одговори? Одговорот ќе го добиете по писмен пат.

Го молам пратеникот Недим Рамизи да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Недим Рамизи не е присутен.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Ѓорѓи Трендафилов не е присутен на седницата.

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Одговорот го добив сега, би сакал десетина минути да го прочитам, па после ако ми дадете ред да го прочитам.

**Слободан Најдовски:** Во ред, откако ќе ги прочитам другите ќе ви дадам збор.

Го молам пратеникот Марија Којзеклиска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓата Којзеклиска не е присутна на седницата.

Го молам пратеникот Лилјана Поповска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓа Поповска е задоволна од одговорот на прашањето.

Го молам пратеникот Коста Прешоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Коста Прешоски.

**Коста Прешоски:** Благодрам потпретседателе, задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Господине Манев уште вие останавте.

**Ефтим Манев:** Одговорот целосно не е прочитан, но ја знам состојбата таква каква што е во Радовиш. Тоа што го прочитав мислам дека одговорот е лош и не ги задоволува потребите тоа што треба да го направи Министерството, а Фондот за здравство е под самото Министерство.

Во здравствениот дом од Радовиш така пишува во одговорот дека тужеле одреден број луѓе за некои права од работен однос кои ги добиле. Понатаму, откако тие пресуди станале правосилни и извршни за да не се извршуваат од средствата кои доаѓаат за плати седум месеци до денеска не се пуштаат плати на Здравствениот дом во Радовиш се со една цел да не бидат извршени тие пресуди.

Мене најмалку ме интересира како ќе се наплатат тие пресуди, мене ме интересира како граѓанин или како пратеник дека вработените во Здравствениот дом од Радовиш до денеска тоа се некаде 130 до 150 луѓе не земале плата ниту денар 7 месеци. Сметам дека Министерството и директорот на Фондот за здравство треба и те како да ги интересира и веднаш тоа прашање да го решат. Не можат да не пуштат пари. Ако ги пуштеле тие пари до сега ќе се извршело и луѓето ќе земале плата. Незнам дали некој од нас би прифатил 7 месеци да не зема плата а да работи.

Затоа мојот апел е веднаш тоа прашање да биде решено. Веднаш. Наредните денови, инаку одговорот е бидејќи тужел некој другиот не може да земе пари. Тоа е проблем на фондот и на државата а не проблем на вработените. Штом некој добил пресуда тоа е завршена работа. Мора да се најдат средства. Затоа е Влада, затоа е Министерството за здравство, Министерството за финансии ќе си најдат средства. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Манев, завршивме со одговорите на доставените пратенички прашања.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Врз основа на оној договор што е постигнат помеѓу пратеничките групи и списокот што ни е достан има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Во името на 1200 вработени во ЕМО јас имам три прашања по иста тема за премиерот.

Господине Бучковски од лав ЕМО го претворивте во маче. Под лав овде не мислам на идеолошкото значење на тој знак, туку на неговото симболиско значење на нешто силно што може само да се организира и да живее, а под маче се подразбира домашно миленичe кое може да живее само ако му се подаде туѓа рака.

За 20 месеци штрајк и 8 месеци ново раководство поставено од оваа Влада ЕМО е донесен пред колабс. Во 2002 година претходното раководство спрема завршната сметка и ревизорскиот извештај ЕМО бележеше приближно 60 милиони евра вкупен годишен приход, 5 милиони евра профит, работеше со минимални трошоци, не должеше пари кон никого, бележеше инвестиции во висина од 5 милиони евра вложени во последните три години, врати 30 милиони долари долг на ЕМО направен пред 1998 година и побаруваше од ЕСМ за прв пат во историјата на двете фирми приближно 7 милиони евра потпишани со записници во октомври, ноември и декември.

Во истото време во ЕМО беа во тек големи реорганизациони и сруктурни промени со цел фирмата да може да се носи со светската конкуренција. Денес, според завршната сметка на ЕМО за 2004 година ЕМО бележи приближно 14 милиони евра вкупен годишен промет. Во загуба е, трошковите на работење порасная фантастично како и пред 1998 година, должи пари спрема партнери, инвестиции и развој нема а главна преокупација на актуелното раководство е да ги малтретира сите 1200 работници кои не учествуваа во штрајкот и во чие име јас денес зборувам.

Во ЕМО се врши класична репресија врз работниците што не беа со вас господине Бучковски во штрајкот. Се заплашуваат, се присилуваат да потпишуваат сами отказни решенија, се префрлаат на други несоодветни работни места, селективно се испраќаат на принудни одмори или на 70%. Со еден збор ЕМО е претворен во кошмар за сите работници

кои не учествуваа во штрајкот. Прашајте го вашиот заменик господине премиер, Минчо Јорданов да ви објасни што значат оние бројки за работењето на една фирма. 3000 вработени со 14 милиони евра годишен приход, тоа е катаклизма господине Бучковски. Нека ви каже Минчо колку е вкупниот годишен приход во неговите фирми и со коклу работника. Или споредете го ЕМО со било која друга фирма од слични со ЕМО и по производство и по големина. Во ЕМО денеска имате 5 илјади евра по човек вкупен годишен приход. Тоа не ви стига само да изплатите вкупно бруто плата по човек. Како живее ЕМО не ми е јасно.

**Драго Шајноски:** (Продолжение). Господине Бучковски јавно рековте дека сте учествувале во организирањето на дваесетмесечниот штрајк во ЕМО и дека сте им ги одзеле акциите на шверцерите од Србија и Црна Гора за што СИМЕС сакал да ги купи. Со употреба на насилие, при што е употребена полиција, навистина е срушено најуспешното раководство во историјата на ЕМО, а акциите од "АРАРАТ" се преземени од државата на еден криминален начин. Со овој чин ЕМО стана симбол, жртва и доказ на нерскинливите криминални врски помеѓу власта, судовите и новинарите.

20 месеци непрестано се пишуваше и зборуваше по сите медиуми дека приватизацијата во ЕМО е криминална, со цел јавноста да биде подготвена да оправда и прифати билокакво незаконско дејание било од Комисијата за хартии од вредност, било од второстепената владина комисија или дел од судовите во Охрид, Битола, секако и претседателот на Врховниот суд.

При сите овие дејанија на власта не се изведени судски докази, туку за доказ на криминалната приватизација на ЕМО се користат написите во весниците што претходно Владата сама ги нарача. Фрапантно е тоа што само врз основа на тоа што некој се сомнева во потеклото на парите на "АРАРАТ" без судска постапка му се одземаа акциите.

Овде го повикувам и Јавниот обвинител да го преиспита случајот со одземањето на акции на инвеститорот од Србија и Црна Гора.

Понатаму велите дека "Сименс" сака да го купи "ЕМО". Ова зборува дека вие и тие што ве натерале да речете така, апсолутно не го разбираат бизнисот. Тоа ви е исто како да речете дека Никол Кидман го сака Петре Петрески. Ваков вид на изјава очигледно е невистинита, нелогична, нереална и има само пропагандна цел. Вистинити и логични би биле изјавите, на пример, дека "ЕМО" сака да биде купено од "СИМЕНС" или дека Петре ја сака Никол Кидман. Овие изјави може да се вистинити, но не се остварливи, бидејки се еднострани.

Познавајки ги добро законите, патиштата по кои се движи светскиот капитал, имајки искуство во преговори на оваа тема со многу странски фирми, меѓу кои и со "СИМЕНС" и познавајки ја состојбата во "ЕМО", тврдам дека "СИМЕНС" ниту има намера, ниту некогаш ќе дојде да го купи "ЕМО" и дека премиерот манипулира со оваа информација, односно дезинформација. Можеби чувствува вина за она што го стори, па сега сам се теши во некој волшебен "СИМЕНС" што ќе го купи "ЕМО" и ќе ги нахрани трите илјади вработени. Нема "СИМЕНС" такви пари за да храни непродуктивни работници. "СИМЕНС", најповеќе што може, може да покаже интерес за 2-3 ДООЕЛ-и од ЕМО и тоа за соработка, што е случај и до сега.

Прво прашање, господине Бучковски, како организатор на штрајкот во ЕМО, како што и самите велите, дали не сте ...

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски, тоа ви е второ прашање и ве молам...

**Драго Шајноски:** Не,не, ова е прво. Ова беше вовед.

**Слободан Најдовски:** А, вовед имавте.

Ќе ве молам со констатациите што вие ги изнесувате да не прејудицирате ништо. За тоа немате ништо докази...

**Драго Шајноски:** За изнесените одговарам материјално и кривично, ако треба го повлекувам и имунитетот, ако нешто кажав лажно.

**Слободан Најдовски:** Вие можете да одговарате на суд, ако некој ви покрене постапка. Овде сте во Парламент и да се однесуваме како што треба.

**Драго Шајноски:** Добро, да ги поставам јас трите прашања на кратко.

Господине Бучковски, како организатор на штрајкот во ЕМО, како што сами признавате, дали бевте запознат со состојбата во ЕМО пред да го започнете штрајкот во 2002 година и дали знаевте дека ЕМО е една од најреспектабилните фирми во регионот, дека беше во фаза на неодложни реорганизирања и преструктуирања, со цел да биде пазарно конкурентен? Дали знаете дека денес ЕМО нема работа и дека по Завршната сметка за 2004 година, гигантот од 2002 е легнат на колена? Дали знаете дека седумте милиони евра, што ЕСМ ги должеше на ЕМО се потрошени? Дали чувствувате вина што го променивте успешното раководство од 2002 година со ново во 2004 година? Дали намерувате да го отповикате и ова раководство, како неуспешно?

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски веќе поставивте пет прашања.

**Драго Шајноски:** Тоа е по едно прашање.

**Слободан Најдовски:** Како едно прашање? Поставивте 5 прашања, ќе ве молам.

**Драго Шајноски:** Тоа е исто, бе, како едно?

**Слободан Најдовски:** Поставивте 5 прашања.

**Драго Шајноски:** Тоа е во контекст на ЕМО. Како да прашам? Колку е 1 + 1 ? Не можам да прашам тоа.

**Слободан Најдовски:** Треба да ми се одговори на едно прашање.

**Драго Шајноски:** Па едно. За ЕМО. Дали се чувствува виновен што го промени успешното раководство? Тоа прашав. Друго нема внатре.

Другото е објаснување, да му е појасно што сакам да прашам.

Второ прашање, јавно кажавте и се гордеевте со тоа што сте биле организатор за штрајкот во ЕМО. Тоа го кажувате со еуфорија што приличи кога нешто се спаси, а не кога нешто се уништи. Го изолиравте укажувањето на Народниот правобранител, Хелскиншкиот комитет за човекови права и Нотата на Србија и Црна Гора по однос на одземените акции од АРАРАТ, без редовна судска постапка. Дали сметате дека вие имате право вака да ги кршите законите во Македонија, со оправдување дека со зло уништивте поголемо зло?

И, трето прашање, зошто по судски пат не ја докажавте нелегалноста на парите со кои што АРАРАТ на Берза ги купи акциите од државата?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Владо Бучковски.

Повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине потпретседателе.

Не од место, да го гледам Шајноски, затоа што искажа многу невистини и тешки квалификации, а за себе си подели комплимент дека бил дел од најуспешното раководство на ЕМО, што мислам дека е претенциозно да се тврди.

Јас нема да ја претворам парламентарната сала во судница и да судам на оние кои го правеле криминалот, но таму има основани сомневања за криминал и судот ќе си го каже последниот збор.

Вие знаете дека Врховниот суд, во меѓувреме, донесе Одлука. Е, па, проверете. Проверете господине Шајноски како е на криминален начин направен обид, што сега е спречен, со последната Одлука на Врховниот суд, да се приватизира, се согласувам, најперспективната компанија во Република Македонија. И “СИМЕНС” ќе доаѓа на разговори. Чекаше да дојде Одлуката на Врховниот суд каде што ќе треба да се исчисти ЕМО од криминалните пари што се переа преку Република Македонија. Може да го прашате господинот Даравелски. Може да го прашате. Не е тука, но имате контакти, јавете му се, прашајте што тој знае за “АРАРАТ” и што во меѓувреме се докажа за парите. Прочитајте ги извештаите, ако ги имате, велите дека сте најуспешното раководство, веројатно ги имате сите информации. Што кажа УНМИК како се перени парите и со кои пари сакавте вие, како дел од најуспешното раководство да го купите ЕМО.

И сега, да говорите дека биле малтретирани 1200 вработени и дека вие сте биле најуспешниот менаџер, сметам дека е претенциозно, несериозно и го руши дигнитетот на Парламентот. Јас нема да прифатам на тој начин со вас да разговарам. За сите рпашања ќе добиете и писмен одговор. Но, за сите овие, што ви кажував, основани сомневања, ќе ви ги дадеме во прилог ако сакате, бидејки имаат степен на доверливост, се води за тој , вашиот пријател кој побегна во Србија, покажувајки дека по мајка е Србин, знаете овде, Интерпол го бара, основано сомневање дека е сторен тежок криминал, каде што најголемото обвинување меѓу другото е ЕМО.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Шајноски немате рпаво повеќе, затоа што претседателот на Владата рече писмено ќе одговори на сите три прашања.

Следна за поставување на пратеничко прашање е госпоѓа Емилија Костадинова.

Повелете госпоѓо Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Благодарам господине потпретседателе.

Врз основа на член 36 и 37 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија ќе го искористам моето деловничко право, на денешнава собраниска седница да поставам усно две прашања.

Првото прашање е упатено до Министерството за правда.

Деновиве беше актуелизирано прашањето за должината и времетраењето на стечајните постапки, поради што пооделни стечајни управници беа повикани на разговор кај премиерот околу овој проблем. Тоа ме потсети да го поставам ова пратеничко прашање за две стечајни постапки во општина Виница што траат подолго време и се до денеска немаат правна разврска.

Имено, за истите еднаш поставувам пратеничко прашање, на кое што на ден 24.06.2003 година доби писмен одговор под број 07-2197/2 од Министерството за правда. Бидејки од тогаш изминаа скоро две години, а тие постапки сеуште не се завршени, го поставувам следното рпашање што гласи, бидејки во одговорот на едното од нив, на оној број што го напомнав, стоеше за текот на стечајната постапка на ЗИК “Брегалница”-Виница, на крајот од одговорот стои констатацијата што ќе ја цитирам:

“Согласно изнесеното, стечајјната постапка на ЗИК “Брегалница”-Виница сеуште е во тек, но може да се заклучи дека истата е при крај и наскоро може да се очекува завршување на истата”.

Ме интересира зошто уште трае стечајната постапка на ЗИК “Брегалница”-Виница, што е започната во 2000 година, ког аимотот е распродаден и зошто констатацијата од погоре наведениот одговор сеуште не е остварена?

Другата незавршена стечајна постапка е над Друштвото со ограничена одговорност “Интерес” село Трстија општина Виница, под ст.бр. 308/94...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Костадинова, ова ви е второ прашање?

**Емилија Костадинова**: Тоа е до Министерството за правда, за тие две стечајни постапки. Ако го третирате како второ, да.

**Слободан Најдовски:** Да бидеме исти за сите. Како второ прашање.

**Емилија Костадинова**: Во ред, благодарам.

Како што реков, под број 308/94 од 20.07.1994 година, а потоа префрлено во Судот во Кочани под ст. бр. 13/96. Тука проблемот е во тоа што недвижниот имот што се состои од производ на хала и управна зграда, што е под хипотека во корист на Министерството за финансии, Одделение за управување со средства, не може да се продаде. Од таа причина истиот пропаѓа затоа што не се користи, а тоа е крај каде што веќе некој тешко може да инвестира или нешто да изгради.

Ме интересира зошто истиот, ако има можност, не се даде под закуп на користење на еден од доверителите, кој е од тоа место, да може да се организира некое производство и да се вработат одреден број лица во тој пасивен редско-планински крај, наместо тоа да пропаѓа? Каква е логиката тој стечај уште да трае и по 11 години откако е отворен?

Тоа се две прашања до Министерствот за правда.

Третото прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски. Прашањето гласи:

Покрај многу регионални и магистрални патишта по кои што се одвива интензивен сообраќај, секојдневно никнуваат приватни стопански субјекти од кои што многу се изградени на диво, а истите, исто така без потребните согласности и дозволи се приклучуваат за влез и излез на сообраќајниците, без да при тоа се води сметка за безбедното одвивање на сообраќајот и последиците што можат да настанат од тоа. Еден од таквите случаи е со магистралниот пат Штип-Делчево.

Локалниот и републички инспектор за патишта тука не беа интервенирале за затворање на диво отворените премини, се до мојата писмена информација од ден 23.09.2004 година до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за внатрешни работи-Скопје кога се затворија 5 на диво отворени премини за влез и излез во близина на вкрсоствувањето со патот с. Грдовци-Кочани. Зарем требаше да се случи една сообраќајна незгода и моја писмена интервенција за да се затворат тие премини?

Ме интересира какви мерки преземе републичкиот инспектор за патишта против тие прекршители кои самоволно, без потребните согласности од надлежните органи беа ја пресекле заштитната ограда покрај една таква фрекфентна сообраќајница, на која што се одвива меѓународен сообраќај? Зарем не е потребно нивно секојдневно будно следење на овие состојби и навремено превземање мерки, а не откако ќе се случи некоја незгод аи ќе се создаде проблем.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарма госпоѓо Костадинова.

Првите две прашања беа поставени до Минситерството за правда. Тука е заменикот минситер за правда господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Бидејки двете прашања се за стечајни постапки, истите се водат преку судови, се знае дека има стечајни судии, потоа се стават стечајни управници, тоа се постапки, затоа ќе одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, одговор ќе добиете во писмена форма на поставеното прашање.

За третото пратеничко прашање немаме претставник од Министерството за транспорт и врски. И за тоа прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

Следен за поставување пратеничко прашање е госпоѓа Силвана Бонева.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Првото прашање го упатувам до минситерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во периодот меѓу првиот и вториот круг на изборите во Република Македонија се случи појава н акупување на гласови од граѓаните, а за возврат давање да се сечат шумите, без да има претходно бележење и без претходно да биде утврдено на кои места треба да се сечат. Значи, се со цел купување на гласовите за кандидатите на “Коалиција за Македонија заедно” беше направен вистински масакаар на шумскиот фонд во многу општини во Република Македонија. Токму заради тоа, бидејки до 10 април имаме повторно избори, прегласување, сакам да го прашам минситерот за земјоделство, па и Владата на Република Македонија кои итни мерки ќе ги преземат да се сопре овој масакар на шумите во периодот до 10 април? Понатаму, кои мерки ќе ги преземе Министерството за идентификување и казнување на сите учесници кои го дозволија бесправното сечење на шуми во изборни цели? Понатаму, дали под итно Министерството ќе нарпави масовни акции за пошумување за да може барем после...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева, извинете што ве прекинувам. Истиот начин го имав и со господин Шајноски и со госпоѓа Костадинова.

**Силвана Бонева:** Тоа е апсолутно едно прашање..

**Слободан Најдовски:** Момент, момент, дозволете.

Еве го Деловникот, одиме по Деловникот, стои “кратко и прцизно поставување на прашањето”. Ние сега сакаме да злоупотребиме, во едно прашање да поставиме 5 прашања.

Јас би ве замолил да се сконцентрирате на поставување по едно прашање. Веќе поставивте три прашања за истото прашање.

**Силвана Бонева:** Апсолутно се работи за истото.

Апсолутно исто прашање е. Мислам дека многу појасно треба да биде кажано што е тоа на што треба да одговори минситерот, а се работи за иста проблематика. Не зборувам нешто надвор од проблемот што го кажав.

Понатаму, како мислат да го вратат владеењето на редот, законот во оваа сфера кога главните прекршители на Законот беа токму тие што треба да го спроведуваат? Бидејки во моментов во Република Македонија во затворите лежат многу луѓе по неколку месеци затвор само заради тоа што исекле едно дрво или еден товар дрва набрале, а сега имаме од друга страна пак луѓе на кои им е дозволено колку сакаат и каде сакаат да сечат, само со една единствена цел да гласаат за кандидадите на “Коалицијата за”? И, која е одговорноста, на крајот, на самото Министерство за направеното злосторство врз македонските шуми.

Второто прашање е многу кратко. Како ќе се среди проблемот во врска со долговите што ги имаат општините, прашањето го поставувам до Владата на Република Македонија , како ќе се среди проблемот со долговите што ги имаат општините и кој ќе го покрие тој долг, за да може непречено да функционираат општините и да тече непречено процесот на децентрализација?

Третото прашање, со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во членот 9 став 3 се кажува дека распределбата на приходите од данокот на додадена вредност се врши најмалку 50% според критериумот по жител, и други критериуми утврдени со Уредбата за Методологија за распределба на приходите од ДДВ, што ја донесува Владата на Република Македонија , на предлог на минситерот за финансии, со претходна согласност на Комисијата за следење на развој на системот за финансирање на општините, најдоцна до 30 јуни во тековната година, за наредната година.

Кога го носевме Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа обрнавме внимание како опозиција дек акритериумите треба да бидат вградени во самиот закон, за да знаеме кои критериуми ќе се употребуваат за која општина, колку пари ќе добие од ДДВ. Сега, моето прашање е до минситерот за финансии, кое што гласи - Дали Министерството за финансии ја изработи Методологијата за распределба на приходите од ДДВ?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Првото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Има збор господинот заменик министер, Санде Џамбазовски.

**Слободан Најдовски:** Следното прашање е упатено до Министерството за земјоделие.

На прашањето ќе одговори замеником министер за земјоделие.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам.

Прво, морам да признам дека прашањето е многу нејасно.

Прво, избори оваа година ние имавме во цела Македонија, а не е кажано, како што рече пратеничката таму каде што требаше да се гласа, таму се сечени шумите и не се преземени мерки. Значи, прашањето не е лоцирано каде се сечени шумите. Јас тврдам дека поради изборите нема никаде сечење на шумите надвор од законските норми кои се предвидени според Законот за шумите.

Вториот дел од прашањето, кое се однесува што се прави за да се обноват шумите морам да ви кажам дека според Закнот за шумите јасно е кажано дека за секоја површина исечена шума дупло треба да се пошуми за истата година. Значи, претпријатијата кои што стопанисуваат со шумите имаат обврска ако посечат еден хектар шума да посадат два хектари шума со тоа што и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со Министерството за животна средина имаат посебни програми за зголемување на површините за пошумување. Оваа мерка редовно п;реку инспекторите за шумарство редовно се прати со нејзиното извршување и се поднесува извештај до Владата секоја година.

Да напоменам дека претпријатијата кои стопанисуваат со шумите, јас верувам, претпоставувам и до таму дека тие што стопанисуваат, ги користат шумите, според нашиот извештај пратеничката Бонева добро знае како го наследивме тоа претпријатие и посебно шумите кога дојде оваа Влада на власт.

Јас сметам дека ова е пратеничко прашање и нема да елаборирам пошироко, меѓутоа доколку сака конкретно добро е конкретно да каже во која општина и за наредната седница односно седницата со пратенички прашања да и одговориме за точната вистина што е таму.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Госпоѓо Бонева дали имате дополнително прашање.

**Силвана Бонева:** За конкретна локација господине министре ќе ви ги посочам атарот на општина Василево. За да може да утврдите доволно е да се прошетате низ селото Ново Маала и да видите во дворот буквално на секоја куќа како има огромни површини покриени со дрвја кои што се сечени безправно, дури и млади фиданки од две три години. Буквално селаните плачат за тоа што е направена бидејќи цело време ги убедувате дека Законот е таков и дека така треба да се постапи, треба да го чуваме шумското стопанство и плански да се сече она што е маркирано, меѓутоа сега за време на изборите им беше дадено зелено светло на сите оние кои што треба да гласаат за коалицијата за и на кои што требаше да им биде купен гласот да можат

безправно да сечат каде сакаат и колку сакаат. Тоа може многу убаво да го утврдите во општина Босилово, општина Ново Село, во Малешевскиот крај, бидејќи имав можност да посетам многу села каде што во дворовите на луѓето, луѓето ни свртуваат внимание погледајте госпоѓо пратеничке што се случува и како се масакрираат шумите. Вашиот шумски инспектор доволно е да прошета само низ атарот на општина Василево, или конкретно само Нова Маала за да види како се полни дворовите со дрвја кои што не се одбележани, немаат печат од Шумското стопанство “Беласица” Струмица.

Исто така колегите велат и Липково, буквално во цела Македонија она што јас го видов со свои очи ви го зборувам и за тоа можам да тврдам, меѓутоа доаѓаат информации од целата територија на Република Македонија...

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева дали имате дополнително прашање, бидејќи времето ви истече.

**Силвана Бонева:** Барам комисија од Шумското стопанство односно од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**Слободан Најдовски:** Ве молам госпоѓо Бонева дали имате дополнително прашање.

**Силвана Бонева:** Да. Барам за следната седница да се поднесе извештај колку шуми се исечени на колкава површина е направен масакар на шумите, тоа многу лесно може да се утврди и понатаму одговорноста кој ќе ја сноси, да биде напишано и кои се луѓето кои што одговарале за злосторството кое што е направено врз македонските шуми.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам. Министерот ќе одлучи дали ќе ви одговори усмено или писмено.

Има збор заменикот министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**Санде Џамбазовски:** Не верувам дека ќе можеме да направиме извештај за опустошување на шумите, бидејќи такво нешто нема. Ние можеме да направиме извештај ако и треба на пратеничката за тоа како се стопанисува со шумите, во каква состојба се шумите, инаку за опостушување на шумите не можеме да направиме извештај бидејќи такво нешто нема, не постои. Ако има некаде, бидејќи ги спомнува Василево, односно повеќе спомнува во општините каде што изгубија од ВМРО па сега по нивната реторика дека секаде каде што се изгубени изборите, секаде има нешто што влијае на друго, таков одговор не можам да дадам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Второто прашање е упатено до Владата по однос на проблемот за долговите на општините.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија.

**Владо Бучковски:** Најпрво потпретседателе, дозволете од име на Владата да протестирам за начинот на кој се обидува ВМРО-ДПМНЕ и шефот на Изборниот штаб да го претвори овој ден кога треба да се поставуваат пратенички прашања продолжување на кампањата.

Ние имавме ветувања дека ќе се испочитуваат минимумот етички норми во Парламентот и оваа седница, бидејќи сеуште траат локалните избори нема да биде претворена во понатамошни препукувања меѓу власта и опозицијата. Ако ми дозволите тоа можеме да и одговориме на госпоѓата Бонева зошто победивме во 4-те струмички општини. Бидејќи таа е од Струмица наместо да погледа зошто изгубија тоа е услов, еден аргумент повеќе Владата таму не фалсификувала туку им давала кој колку сака да сече шуми и да се прави злосторство против македонските шуми. Мислам дека е тоа крајно некоректно.

Второто прашање, да се договориме дали ова да биде седница каде што ќе ја тераме кампањата, од тоа ќе зависи потпретседатели, како ќе одговорам на прашањето што следи. Можеме да се договориме дали ВМРО-ДПМНЕ мисли во оние општини каде што изгуби и од тоа ќе зависи како понатаму ќе се однесува Владата и дали Владата може нема да побара пауза и да се продолжи со пратеничките прашања по 10 април. Ние прифаќаме како милува опозицијата така да се однесуваме. Ние сме подготвени на оваа седница да одговараме и со аргументи и со факти, но да знаеме дека тоа е во изборни цели за да на 10 април имаме изборни гласови.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас не можам да знам што пратениците ќе поставуваат прашања. Затоа јас ја опоменав неколку пати госпоѓа Бонева. На прашањата може да им се одговори писмено. Точно е тоа дека ние се договоривме да не ја злоупотребуваме седницата за пратенички прашања по однос на кампањата за изборите кои што се уште престојат.

Значи ќе имаме писмен одговор на некој прашања.

**Владо Бучковски:** Ќе одговориме писмено. Одговорот мислам дека ќе биде задоволителен. Ако го претвораме ова во дебата помеѓу опозицијата и позицијата тогаш ќе бидеме многу поостри. Да направиме анализа во кои општини се направени долговите, ќе се види односот и домаќинското однесување помеѓу сегашната власт и опозицијата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Бучковски.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Господине потпретседателе....

**Слободан Најдовски:** Имате ли нешто процедурално?

**Силвана Бонева:** Да процедурално. Не е етички да си дозволи господинот Бучковски...

**Слободан Најдовски:** Што е повредена процедурата...

**Силвана Бонева:** Зборуваше за етичноста...

**Слободан Најдовски:** Писмено ќе ви биде одговорено. Немате збор. Ѓ

Третото прашање е упатено до министерот за финансии, по однос на кредитирањето на општините.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Уредбата за методологијата за распределба на данокот од ДДВ ќе се донесе кога ќе се создадат законските услови за тоа. Согласно Законот телото кое дава согласност на Уредбата е составена од 4 претставници на Владата и 5 претставници на ЗЕЛС. Тоа се 5 градоначалници. Со оглед дека после изборите ЗЕЛС уште не е конституиран и ги нема делегирано кои се тие 5 нивни членови на телото не може да се донесе на Влада уредбата, затоа што нема нивна согласност. Кога тие ќе се конституираат, кога ќе ги изберат своите пет претставници во телото заедно со четирите претставници на Владата уредбата ќе биде проследена до Владата. Значи, чекаме да се остварат законските одредби, инаку методологијата е подготвена, но телото не е конституирано.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Бонева, дали сте задоволни од одговорот на прашањето.

**Силвана Бонева:** Да. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски баравте збор, процедурално, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе, Значи, ако претседателот на Собранието ви доверил да ја водите седницата денеска јас би ве замолил од името на пратеничката група да ја водите согласно Деловникот. Деловникот, ако сега ме прашувате каде грешите јас ќе ви кажам, во поглавјето за пратенички прашања каков е односот на пратениците и што тие треба да прават. Значи, пратениците во рок од десет минути имаат право да поставаат прашања, и таму не набројува колку прашања, значи да поставаат прашања, но вие очигледно денеска сте многу нервозни, прво инсистирате седницата да заврши во 16,00 часот, потоа ги прекинувате пратениците буквално во се што поставуваат, јас незнам на што ви се должи таа нервоза. Немаме потреба, ако пратениците ги опоменувате овде дека наводно водат кампања, а Владата тука не да води кампања туку спомнува имиња и на други лица кои не се присутни овде, треба истиот аршин да го имате и за нив. Значи, немате потреба за нервоза и незнам на што ви се должи. Не ве нервира таа оставка што ја даде господинот Пенов овде треба...

**Слободан Најдовски:** Господине Караџоски, тука ве прекинувам, немате повеќе право, немате забелешка, а сега ќе ви одговорам.

Со оглед на тоа што сте правник и адвокат прочитајте го член 37 од Деловникот за работа на Собранието на РМ во него пишува: “Пратеникот на една седница може да постави најмногу три прашања”, а вие рековте дека нема ограничување колку прашања. Поставувањето на пратеничкото прашање не може да трае подолго од 10 минути, а пратеникот има право да се изјасни дали е задоволен од одговорот, но не подолго од 3 минути. Господине Караџоски, јас строго го почитувам Деловникот, воопшто не сум нервозен и сакам да ви укажам на секој оној што сака да постави повеќе од три прашања, му укажувам и го прекинувам дека има право да постави три прашања. Тука не сте воопшто во право дека Деловникот не предвидува колку прашања да се постават. Со оглед на тоа што е строго дефинирано во Деловникот, работиме по Деловникот.

Во однос на минутажата 10 минути за вкупните три прашања по Деловникот. Во ред, јас го толкувам сега Деловникот и продолжуваме со работа.

Следен за пратеничко прашање е пратеникот Абдулаќим Адеми.

Повелете господине Абдулаќи.

**Абдулаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател,

Ќе го искористам правото да поставам три прашања и тоа.

Првото прашање е до Владата - овие денови сме сведоци дека како последица на врнежите имаме поплави и големи штети како во станбените домови така и во стопанските објекти. Тоа што сакам да го поставам пред Владата како прашање е проблемот кој се случи во неделата каде патот Нерово-Саларево, во општина Желино е уништен како последица на врнежите и лизгањето на земјиштето. Овој пат е единствен пат кој го поврзува ова населено место со другиот дел од светот. Затоа околу 2.000 жители во овој момент се изолирани од другиот дел и од информациите и прехранбените артикли им се при крај. Имајќи го во предвид фактот дека општина Желино во моментот не е во состојба да преземе нешто посериозно во оваа насока, таа за моментот има направено едно барање до Владата за финансиски средства за елементарни катастрофи, има изготвено едно размислување од пооделни личности, професионални за овој случај. Бидејќи денес во 16,00 часот Владата ќе има седница барам овој проблем да биде на дневен ред и да се помогнат овие жители. Тоа што треба да се направи е да се доделат финансиски средства за елементарни непогоди за да се деблокира овој патен правец и да се подготви еден проект за постојано решавање на овој проблем.

Во овој случај го прашувам премиерот дали ќе биде на дневен ред овој проблем на денешната седница и дали ќе се преземе нешто конкретно за да се реши овој проблем.

Второто прашање е до министерот за образование и наука. Со новиот закон за основно образование не се овозможува вработување на наставниците кои имаат завршено вишо образование, додека во моментот на наставниот процес се ангажирани голем број на наставници кои имаат завршено вишо образование. Како размислува Министерството за образование да го реши овој проблем на наставниците кои работат во наставниот процес со вишо образование и немаат решенија во овој момент. Од друга страна овие наставници имаат дадено голем неколкугодишен придонес во наставниот процес и имаат големо искуство.

Третото прашање е до Министерството за економија, иако нема претставник, но овој одговор го барам во писмена форма.

Станува збор за претпријатието “Алумина” во Тетово. Имаме информации дека приватизацијата на ова претпријатие е извршена во спротивност со Законот за приватизација и на криминален начин. Кои информации ги поседува Министерството за економија за овој случај и што ќе преземе Министерството за да го обелодени овој случај на приватизација на “Алумина” од Тетово.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Повелете господине претседателе. **Владо Бучковски:** Се надевам дека ќе одговориме на пмочетокот на барањето на пратеникот на денешната седница на Владата да има точка на која ќе се гледа ургентно барањето за елементарна непогода на територијата на општина Желино. Тоа денеска не може да биде направено затоа што имаме тематска седница на Владата, а што се правевме во овој момент ќе одговори господинот Владо Поповски, министер без ресор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, има збор министерот Владо Поповски, министер без ресор.

**Владо Поповски:** Како што е познато Владата на Република Македонија во врска со поплавите кои се во континуитет од почетокот на оваа година, Владата на Република Македонија формираше кризен штаб, кризно тело кое што постојано ги следи состојбите и заедно со Дирекцијата за заштита од поплави и Републичкиот штаб за цивилна заштита секојдневно ги следи состојбите поврзани со другите републички институции. Ваквите прашања, како ова што го постави почитуваниот пратеник ќе биде предмет на разгледување. Владата ќе биде редовно информирана за се она што е на теренот.

Можам да ви кажам дека состојбите се под контрола и за ваша информација да ви кажам дека денеска водостојот на реките кој што деновиве беше во пораст, Вардар, Пчиња, Треска е во намалување, а зголемо е нивото на реката Црна Река, но состојбите се под контрола и ако има потреба ќе се преземат оперативни мерки согласно плановите за заштита од високите води и преливните бранови. Значи, состојбата е под контрола, Републичкиот штаб за цивилна заштита заедно со Дирекцијата за заштита и извршување, и надлежните соодветни служби беа на теренот и ги преземаа сите соодветни мерки за заштита од вакви хаварии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Дали господинот Абдулаќи Адеми е задоволен од одговорот.

**Абдулаќи Адеми:** Задоволен сум од одговорот и во моментот можам да ја поднесам информацијата која е подготвена од општина Желино, професионално лице.

Се надеваме дека во понеделник оваа точка ќе биде на дневен ред на седница на Влада,

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Второто прашање е поставено до министерот за образование Азис Положани.

**Азис Полочани:** Точно е тоа дека со Законот за основно образование, новите измени, како што веројатно и можеме да се сетиме дека со амандман во Собранието беше внесено како составен дел на текстот на законот фактот наставниците со више образование понатаму да немаат рамноправен однос во однос на вработувањето. Притоа, целта е преку вработување на наставници со високо образование да се придонесува за подобрување на квалитетот на образовниот процес. Но тоа создава проблеми во сегашната состојба, која што е затекната и за која што мислиме дека треба да се најде решение. Тоа решение оди во два правца.

**Азис Положани: (продолжение)** Едното е фактот базиран врз законот за работни односи, три години непрекинато работење на одредена дејност, во овој случај наставниците можат да добијат решенија по однос на ова решение и за другите кои веќе подолго време се вработени на определено време, на кои што рокот им важи до 31 август, со инивијатива од Министерството за образование, Владата веќе ја разгледа оваа состојба и работи на изнаоѓање на решенија за таквите ситуации, затоа што има една олеснителна околност затоа што тие работат и платите им се обезбедени во буџетот. Сега се работи на тоа како тоа да го направиме тие да бидат вработени како затекнати веќе вработени и по однос на овој Закон да се исполни таа норма до 31 август да си го стабилизираат своето работно место. Значи Владата превзема активности за да го надмине овој објективен проблем кој се јавува поради настапување во сила новиот закон за основно образование.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Азис Положани.

Господине Адеми дали сте задоволни од одговорот.

**Абдулаќим Адеми:** Задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е до Министерството за економија.

Има збор господинот заменик министер Сашко Андоновски.

**Сашко Андоновски:** На прашањето на пратеникот писмено ќе одговориме.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување на пратеничко прашање е господинот Фатмир Асани.

**Фатмир Асани:** Благодарм господине потпретседател. Почитувани пратеници, почитувани министри имам прашање до Министерството за правда. Се говори за двајца селани, или граѓани, државјани на Република Македонија од селото Гошинце, општина Липково кои се родени и всушност, имаат осум деца :Тенуше Зимбери, роден на 6.02.2002 година, Флерин Зимбери, роден на 10.04.1993 година, Сетим Зимбери, роден на 4.07.1995 година, Фитурин Зимбери, роден на 4.07.1995 година, Нусен Зимбери, роден на 12.04.1998 година, Илјаз Зимбери, роден на 6.05.1992 година, Ѓултерин Зимбери, роден на 10.03.1999 година и Реџаин Зимбери, роден на 20.11.1990 година. Сите овие деца до ден денес не се запишани во матичната книга, иако имаат поднесено барање во времето кога тоа требало да го направат. Да кажеме дека иако овие деца следат основно образование во селото Сокошинце и во Липково до ден денес тие не се запишани иако имаат поднесено барање до матичната служба за нивните деца да се запишат во матичната книга. Тие при поднесувањето на нивните барања ги имаат поднесено документите како изјави од граѓаните, исто така потврди од каде што ја следат наставата, изјава од родителите дека тоа се нивни деца и потврда од нотарот заверена, меѓутоа, тие се одбиени од страна на општината во Куманово со тоа што немале лекарска потврда, односно дека потврдата од геникологоте 40 дена по денот на раѓањето.

Моето прашање е до Министерството за правда што треба да направат овие родители за нивните деца да бидат запишани во матичната книга и потоа да добијат и државјанство на Република Македонија и со каков закон да им се овозможува да се запишат нивните деца, само затоа што немаат потврда од лекар. Кој е тој закон кој што не им го овозможува на овие родители да ги запишат во матичната книга.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи. Се знае дека граѓаните на Република Македонија по одлуката на Министерството за доделување државјанство, наместо да земаат 100 долари, тие земаат 100 евра од тие граѓани. Прашањето е како треба да плаќаат граѓаните. Во доларска противредност или во евра. Ова е моето прашање.

**Слободан Најдовси:** Благодарам господине Асани.

Првото прашање е до Министерството за правда. Има збор заменикот на министерот за правда господинот Сулхи Јакупи.

**Супхи Јакупи:** Бидејќи се работеше дека истите лица немаат државјанство, за тоа треба да се обратат до Министерството за внатрешни работи за добивање на такво државјанство на нивните родители и другите што се спомнаа. Додека за уписот во книгите на родени и другите книги што ги води Министерството за правда, ние ќе превземеме активности во врска со ова, бидејќи прв пат слушаме дека има такви случаи и на наредната седница ќе му дадеме и писмен одговор зошто не се евидентирани истите лица, дали има поткрепа од сите тие документации што ги предложуваат, или е потребна друга документација и ќе преземеме активности за нивното натамошно разгледување и постапување.

**Слободан Најдовски:** Благодарам значи ќе добиете писмен одговор за наредната седница.

Второто прашање се однесува до министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи.

**Љубомир Михајловски:** Прво да ви кажам ако се работи за државјанство, не ми е јасно прашањето. Ако се работи за стекнување на државјанство треба да се изврши упис во книгите на родени. А по однос на второто прашање треба да го упатите до министерот за финансии, затоа што тоа е Закон за административни такси, значи не е до МВР. Упатете го до него прашањето а не до него.

Околу долари и евра што прашавте, обратете се до Министерството за финансии.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Одговорот ќе биде едноставен, затоа што такво е законското решение. Тоа го има донесено Парламентот на Предлог на Владата и тоа се применува.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре. Дали имате дополнително прашање господине Асани.

**Фатмир Асани:** Прашањето беше во каква противвредност се плаќа. Во доларска или во евра? Во Република Македонија плаќањето се прави во доларска противвредност. Откако ќе реши Комисијата да се добие државјанство, тие треба да уплатат пари. На некои граѓани им земаат долари а на некои евра. Тука има разлика од 1.000 денари. Тоа е конкретното прашање.

**Слободан Најдовски:** На прашањето ќе одговори министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Разлики нема, меѓутоа некои историски разлики можат да се јават затоа што законот порано, оние граѓани што добиаа државјанство преку нашите преставништва кои плаќаа во долари или во евра, Законот гласеше во долари. И тие што ја започнале процедурата во Законот кој беше во долари, платиле во долари. Во меѓувреме, Законот се смени и наместо во долари, вредностите се изразени во евра, затоа што најголем број на нашите државјани кои имаат такви потреби кон државата се во ЕУ каде што има една влаута и

нашите дипломатски претставништва нема потреба да наплаќаат во долари затоа што и на тие граѓани таму нивната домицилна валута е евра. Во Германија, во Франција, каде што живеат во светот, доминантно е во евра. Откако се замени долари во евра, Законот се применува само во евра. Сега претпоставувам дека кај нив се јавува разлика затоа што во меѓувреме доларот, односно еврото депресираше и сега односите во евра се малку поинакви изразени во денари. Меѓутоа, ние не можеме да влијаеме на тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски. Следен за поставување пратенички прашања е господинот Нелко Стојановски.

**Нелко Стојановски:** Во последно време во средствата за масовна комуникација се актуелизираше прашањето за проблемите кои што настанаа со претераниот лов.

**Слободан Најдовски:** Момент господине Стојановски, не се слуша.

**Нелко Стојановски:** Да излезам на говорница ако не се слуша.

**Слободан Најдовски:** Причекајте малку да видиме со техниката. Повелете господине Стојановски.

**Нелко Стојановски:** Ќе бидам краток. Во последно време во средствата за масовна комуникација се покрена прашањето со голема жештина за опстанокот на охридската пастрмка. Ендемичен вид со кој што Македонија треба да се гордее, меѓутоа, значајни научно стручни институции и други институции од областа на земјоделството го покренаа да се заштити овој вид.

Бидејќи се работи за релативно сложено прашање кое треба да се усогласи и со Република Албанија и воопшто, да се превземат некои мерки да се заштити овој вид , ме интересира дали Министерството за животна средина и просторно планирање превзема адекватни мерки во врска со заштита на охридската пастрмка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Само едно прашање имате?

**Нелко Стојановски:** Да.

**Слободан Најдовски:** На прашањето ќе одговори министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам претседателе. Владата на Република Македонија, посебно преку Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, превзема сериозни мерки во поглед на заштита на охридската пастрмка.

Јас само би напоменал по иницијатавата на Министерството за животна средина и просторно планирање, а во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од Владата е предложена одлука да се забрани времено ловот на охридската пастрмка. Владата тоа го направи, донесе времена одлука за забрана на ловот на охридската пастрмка со цел да се изврши заштита, како и да се извршат дополнителни анализи. Во меѓувреме, исто така со заклучок на Министерството и на Владата се зеде обврска да се разговара и со албанската страна, бидејќи само во случај на обострано почитување на забрана на ловот, оваа одлука би имала ефект и Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во координација со Министерството за надворешни работи вршат интензивни разговори со претставниците на Владата на Република Албанија истите мерки да бидат применети од страна на Република Албанија, но во секој случај донесена е времена одлука за забрана односно за лов на охидската пастрмка, со што се придонесува за нејзина заштита, Се разбира помеѓу експертите постојат поделени мислења, според некои е потребно повеќе години, според некои неколку години, но во секој случај, Владата донесе одлука за времена забрана на ловот на охридската пастрмка.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шапуриќ.

Господине Стојановски дали имате дополнително прашање или сте задоволни од одговорот.

**Нелко Стојановски :** Благодарам задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување на пратеничко прашање е пратеникот Ванчо Стаменков.

Ванчо Стаменков: Благодарам потпретседателе

Првото прашање е до министерот за внатрешни работи. Во Кочани после изборите се зборува за изборен фалсификат. Најмеродавен да одговори на ова прашање е министерот, господинот Љубомир Михајловски.

Значи, моето прашање е: колку лични карти се издадени од страна на МВР, во периодот од 13.03.2005 година, до 27.03.2005 година. И на кои лица по име и презиме и кои лица од овие се наоѓале надвор од Македонија во истиот период. Другото во продолжение, колку лица избирачи на денот на гласање на 27 март 2005 година од општина Кочани евидентирани на единствениот избирачки список не се наоѓале во Македонија. Колку има пријавено случаи на насилие и на нарушување на јавниот ред и мир во периодот од 13.03.2005 година, до 27.03.2005 година во општина Кочани и што е превземено од страна на МВР за лицата и кои се тие лица.

Второто прашање е до министерот за труд и социјална политика. На колку лица е поделена еднократна социјална помош во периодот од 20 февруари до 28 март во општина Кочани, кои се тие лица и по колку пари добиле?

Третото прашање е до министерот за економија.

Во општина Кочани меѓу двата круга на локалните избори е спроведена акција од сектори од вашето министерство. Оваа акција продолжи и по изборите. Се зборува дека контролите се селективни. Ве молам да ми одговорите во кои фирми е направена контрола, кои се сопственици на тие фирми и по кој

план се врши контрола и кој го прави тој план за контрола, ако се знае дека во Кочани има стотици дуќани блиски до власта, кои воопшто немаат фискални каси, а во нив вашата инспекција воопшто не влегла. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков. Првото прашање е до министерот за внатрешни работи. Има збор министерот за внатрешни работи.

**Љубомир Михаловски:** Јас би сакал господинот пратеник да ми објасни во врска со прашањето. Дали се работи за 13.03.па идеше прашањето кои лица се наоѓале во истиот период надвор од земјата кога беше гласањето. Колку лица биле надвор од земјата. Дали можеме да го поставиме ако се согласувате да ви одговориме дали имало такви лица кога се гласало. Дали знаете дали имало такви лица.

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине министре одговорите вие на прашањето.

**Љубомир Михајловски:** Само да го прецизира прашањето, бидејќи ме прашува колку лица биле надвор од Македонија. Јас го прашувам дали знае дали има такви лица, за да знам што да одговорам. Инаку писмено ќе ви одговорам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Стаменков немате збор. Министерот рече дека писмено ќе ви одговори. Има стенограм ќе го испратиме до МВР врз основа на тоа како го поставивте прашањето, ќе добиете одговор.

**Слободан Најдовски: (Продолжение)**

(Пратеникот Ванчо Стаменков реагира)

Ќе добиете писмен одговор.

(Пратеникот Ванчо Стаменков реагира со зборовите “Без разлика, тоа е процедура”)

Процедурата е, доколку министерот ви одговори, тогаш ве прашуваме дали сте задоволен или не од одговорот. Доколку одговорот биде во писмена форма, тогаш на наредната седница ќе кажете дали сте задоволен од одговорот или не.

Второто прашање е упатено до министерот за труд и социјална политика, нема претставник на тоа министерство и ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за економија.

Има збор заменикот министер за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам.

Во Министерството за економија не се води список на фирми по партиска основа, туку се води евиденција на фирми, бидејќи пратеникот рече дека биле контролирани фирми блиски на нивната партија. Список на фирми во кои е извршена контрола ние ќе може да доставиме, тоа не е проблем, но ќе треба да каже од која инспекција, бидејќи рече дека вршени се контроли на фирмите од страна на инспекциски органи, така што ме интересира од која инспекција, за да побараме податоци каде вршеле контрола и во кој период.

**Слободан Најдовски:** Господине Стаменков, само прецизирајте, со оглед на тоа што таму е Пазарната инспекција, прецизирајте го прашањето за која инспекција барате, но без образложение, само прецизирајте за која инспекција барате податоци.

Ванчо Стаменков: Бидејќи прецизирав, сега само ќе повторам, со оглед на тоа што заменикот министер не ме слушнал добро.

Меѓу двата круга на локалните избори е спроведена акција од инспектори од вашето министерство, а вие знаете кои се тие ваши инспектори.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменикот министер за економија.

**Саша Андоновски:** Постојат неколку инспекции, јас не знам која, мора да знам. Јас не можам да одговорам паушално, затоа што се бара конкретен одговор на конкретно прашање. На вакво паушално прашање одговорот ќе биде паушален, па потоа пак ќе се вртиме во круг. Нека го прецизира прашањето.

**Слободан Најдовски:** Ќе одговорите ли писмено? Па какво е прашањето, таков одговор ќе следи, а тоа е ваше право каков одговор ќе дадете.

Следен на ред за поставување на пратеничко прашање е пратеникот Јордан Михајловски.

Повелете господине Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван господине потпретседателе, согласно деловничкото право, ќе поставам три пратенички прашања. Првото прашање е до Министерството за финансии, второто до Владата, а третото до Министерството за здравство.

Првото прашање: Барам од Министерството за финансии преку Управата за јавни приходи да ми достави податоци - ќе одлучи сега, ако ги има денес податоците, ако не во писмена форма - за да се запознам јас лично, Парламентот и пошироката македонска јавност за тоа колку пари се потрошени за кампањата на локалните избори на ВМРО-ДПМНЕ.

Според она што го забележа аналитичкиот центар на СДСМ, произлегува дека неколку пати е надминат законскиот лимит за трошење на пари во кампањата, односно само за реклама, рекламирање на А1 Телевизија според ценовникот и некои други мерила и критериуми се потрошени 4 милиони евра, ќе повторам, 4 милиони евра, а законскиот лимит е 400 илјади евра. Колку ли тогаш пари се потрошени за други активности и од каде се тие пари? Ако се потврди ова како точно, јавноста треба веднаш да се запознае и да се преземат најстроги законски мерки, од каде толкави пари на една партија која е во опозиција, сиромашна партија од опозиција. Не сакам да шпекулирам дали тоа е од незаконско сечење дрва или од платежната картичка, меѓутоа,

овде се судираме со законот за трошење на парите. Македонската јавност мора децидно да биде запозната со ова.

Второто прашање е до Владата. Еден актуелен, а неразрешен проблем од претходната власт, сеуште ја бранува македонската јавност. Тоа е проектот на Национална платежна картичка, тежок 7,5 милиони евра, исплатен од Буџетот на Република Македонија. Овој проект не само што не профункционира, туку ни го остави нам претходната Влада во наследство, редица луѓе се на улица. Сакам да прашам дали е преиспитана постапката за продажба на акциите во државна сопственост и условите под кои, кога не е дефинирана сопственоста на имотот и опремата, дали е преиспитана објективноста и реалноста во проценката на имотот и опремата од страна на овластениот проценител, дали се обезбедени договорите склучени за купување на акциите меѓу Министерството за финансии и деловните банки, Македонска банка и Балканска банка, и дали се преиспитани условите за продажба на акциите во државна сопственост. Мислам дека треба да се стави крај на оваа футуристичка финансиска авантура и конечно некој да одговара пред законот.

И третото прашање е упатено до Министерството за здравство. Трансформацијата онака како што е најавена, и покрај сето она што може да се процени дека тоа е нашиот услов за асоцијација во Европската унија, сеуште отвора простор за шпекулации. Тоа се случуваше во Крива Паланка, каде невладина организација се поврза со активисти на ВМРО-ДПМНЕ и сееше шпекулации низ градот. Сакам да го прашам, од аспект на мојот интерес, министерот за здравство што ќе преземе во смисла на трансформација на Медицинскиот центар во Крива Паланка, за кој ние кривопаланчани сме заинтересирани да остане дел од болничкото лекување, заради сите тие специфики: 50 км расштркан терен и села кои тешко доаѓаат до градот, 1500 социјални случаи и 7,5 илјади невработени, сакам да потенцирам една специфика. Кога ја правевме територијалната карта на Македонија, Вевчани и Маврово ги сметавме како специфики. Сакам во овој момент, заради сето она што постои кај нас, таа специфика да се има предвид и трансформацијата да се прави малку на подруг начин, особено во Крива Паланка каде мора да остане болничкото лекување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски.

Првото прашање е упатено до министерот за финансии.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски. Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Согласно законите, контролата на трошење средства од страна на учесниците на избори е дисперзирана на повеќе органи, па како што утврдил законот контрола ќе изврши, согласно своите овластувања, и Управата за јавни приходи, меѓутоа, понатаму тие доставуваат извештаи за средствата во кампањата и до органите каде што се конституира, ако се парламентарни избори до Парламентот и Државната комисија и ако се локални избори до локалните оргни, а се разбира и до другите органи кои се надлежни за тоа, Антикорупциската комисија и други. Нашиот дел од работата што е во рамките на Владата, ние ќе го извршиме согласно законите и ќе доставиме извештај.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Михајловски, дали сте задоволен од одгорот.

**Јордан Михајловски:** Задоволен сум од одговорот.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање беше упатено до Владата во однос на Националната платежна картичка.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Заради основаните сомневања дека во проневерата на 7,5 милиони евра за Националната платежна картичка е инволвиран пратеникот Груевски, да не биде сватено дека на овој начин ќе почнеме кампања пред третиот изборен круг, ќе се воздржиме од усни одговори и писмено ќе одговориме на пратеникот на поставеното прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Третото прашање е упатено до Министерството за здравство.

Има збор господинот Владимир Димов, министер за здравство. Повелете.

**Владимир Димов:** Прашањето за болницата во Крива Паланка подолго време е актуелно и во тој поглед Министерството повеќе пати одбиваше на било каков начин да го доведе решавањето на прашањето како било какво политичко прашање и исклучиво решението е во рамките на она што се вика здравствена заштита. Инаку, во тек е изнаоѓање адекватно решение и можам да кажам дека и покрај бројните шпекулации таму кои се шират од различни структури, решението за болницата ќе го најдеме онакако како што ќе биде најповолно за граѓаните од регионот, така што да обезбеди комплетна болничка и секаква заштита што е потребна во рамките на капацитетите и во рамките на потребите за населението таму и таму во тој поглед имам најавено посета дека во текот на идната недела ќе го посетам и лично Медицинскиот центар, за да ги согледам состојбите во него и да дадам дециден одговор на лице место, согласно она што таму на лице место ќе го видиме, затоа што уште еднаш

повторувам бројни шпекулации се вртат во тој поглед, Министерството има намера да го реши проблемот во интерес на граѓаните во Крива Паланка.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Михајловски, дали сте задоволен од одговорот?

**Јордан Михајловски:** Благодарам, со посетата во Крива Паланка ќе го најдеме најрационалното решение.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Според договорот за листата, на ред да постави пратеничко прашање од ВМРО-Народна партија е господинот Ѓорѓи Трендафилов, но не го гледам тука господинот Трендафилов. Но одиме по ред онака како што ни е дадено од ваша страна. После тоа е господинот Жарко Караџоски. (Реакција на пратеникот Спиро Мавровски). Вас не ве пријавија, после ќе видиме. Онака како што се договоривме, а тоа го договоривме на почетокот и за да биде според редоследот еден од опозицијата, не го гледам ни господинот Ефтим Манев, следен е господинот Илија Србиновски.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитувам потпретседателе.

Ќе поставам две прашања до Владата на Република Македонија.

Првото прашање се однесува на Електростопанство. Од досегашните натписи во дневниот печат, забележуваме една тенденција на неаргументирано отуѓување на Електростопанство на Македонија, што анализирано од страна на економските експерти од земјава и од странство не се оценува како неопходно, бидејќи ќе се продаде стратегиски највредното парче од домашната економија, што во исто време ќе предизвика и појава на висока инфлација и понудениот модел на приватизација на ова национално богатство само го менува монополот од државен во приватен, што е во спротивност со препораките од Европската унија и со највисоките интереси на државата. Настојувам, бидејќи ние сме прва земја во регионот што го продава Електростопанството, Владата добро да ги анализира системите на приватизација на другите држави во Европа.

Прашањето гласи: дали Владата на Република Македонија конечно пред пратениците и пред целата македноска јавност има немера да ги презентира склучените менаџерски договори, кои за сега се деловна тајна од крајно сомнителен карактер, кој го инаугурира прашањето за нејзината одговорност пред македонскиот народ.

Второто прашање што сакам да го поставам е во однос на земјоделството. На праг е сеидбата на шеќерната репа, пченката и ред други пролетни култури. прашањето гласи: дали Владата ќе преземе некои мерки за шеќерната репка, за некоја заштитна цена, бидејќи земјоделците во Пелагонија се наоѓаат во крајно незавидна положба, бидејќи со оваа цена на шеќерната репа знаеме до каде ќе оди земјоделството, а тука воедно го приклучувам и прашањето дали ќе се преземат заштитни мерки, односно заштитна цена на пченицата, сончогледот, јачменот и пченката. Значи дали Владата предвидува заштитни цени за пченицата, шеќерната репа, сончогледот и пченката, бидејќи знаеме каква цена беше претходната година, знаеме колку се засеа, знаеме колку придобивка има земјоделецот. Значи прашањето гласи дали ќе има заштитна цена на овие култури.

И третото прашање е: што се случува со ЗК "Пелагонија", кога таму на времето имаше 5-6 илјади вработени, а сега се вработени 700 луѓе, останува истата површина од 25 илјади хектари. Дали има платено концесија или се плаќа нешто спрема Владата, спрема државата од овој Комбинат, бидејќи таму со Законот за земјоделско земјиште требаше да се ослободат 15 - 25% од земјоделските површини од ЗИК "Пелагонија". Таква работа до ден денес не е направена, се ослободија површини кои се од петта до седма класа, кажано инаку камењари - површини, додека другите површини не се ослободени. Прашувам колку државата има приход, колку плаќа тој комбинат на нашата држава за тие површини кои ги поседува од минатото.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски.

Другото прашање е упатено до Владата.

Има збор претседателот на Владата господинот Владо Бучковски, повелете господине.

**Владо Бучковски:** Одговарајќи на прашањето на пратеникот, прво, да одговорам на неговата груба шпекулација со која правеше вовед во прашањето што беше поврзано со менаџерските договори на директорите во Електроспотанство. Прашањето почна дека спротивно на препораките на Европската унија, како единствена држава во регионот сме ја започнале приватизацијата на нашето Електростопанство. Ќе го упатам пратеникот Србиновски, наместо да шпекулира, да погледне дека во регионоте веќе привршува приватизацијата на бугарското и романското Електростопанство и да го погледне Европското парнерство, што е потврдено од сите членки на Европската унија, Европското партнерство што го има Република Македонија со Европската унија, каде напротив не спротивно на препораките, туку една од препораките е, согласно Атинскиот меморандум кој оди во пресрет на либерализацијата и интеграција на електросистемот, да започне и приватизацијата на Електростопанство. Владата, во духот на транспарентноста, е отворена за сите сугестии и начинот на кој досега се води постапката и по последните потпишувања на Договорите, што го направи министерот за економија

со дел од невладините организации, ќе дадат уште поголем поттик јавноста да се запознае со намерите и целите на приватизацијата на овој дел. Бидејќи дел од јавноста е брануван и со т.н. менаџерски договори, што ги потпишале со претседателот на Надзорниот одбор на Електростопанство директорите кои се сога согласно Законот за трговски друштва дел од Управниот одбор, Владата, Кабинетот на претседателот на Владата ги побара на увид тие договори, кои ќе бидат ставени на увид на јавноста и Антикорупциската комисија во текот на наредната недела, а во тој момент копија може да биде испратена и до пратеникот Србиновски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Србиновски, дали сте задоволен од одговорот?

**Илија Србиновски:** Добро, делумно. Меѓутоа, кога ќе ги презентирате тие менаџерски договори, да се знае.

**Слободан Најдовски:** Ви кажа претседателот, но во ред, вклучето го повторно претседателот.

**Владо Бучковски:** Идната недела од понеделник до петок, тоа значи од 4 април најдоцна до 8 април ќе ги добие податоците Србиновски и македонската јавност, ќе бидат достапни овие менаџерски договори, за кои грубо шпекулираше дека се во Владата и дека Владата била инволвирана, што не одговара на вистината.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Второто прашање е поставено до Владата во однос на заштитната цена на земјоделските производи.

Има збор заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство Санде Џамбазовски. Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе. Во светот има два глобални начина за поддршка на земјоделството. Едниот е американскиот начин, а тоа е со воведување на заштитни цени и вториот е европскиот начин односно на Европската унија, каде што нема заштитни цени туку поддршка на земјоделското производство. Ние се определивме за вториот начин, односно за методологијата и критериумите на Европската унија за поддршка на земјоделството без заштитни цени. Шеќерната репа оваа година ќе нема заштитни цени, поради тоа што реков дека се определивме за европскиот начин на поддршка на земјоделството и второ, затоа што е така напишано односно така е договорено со договорот за пристапување во Светската трговска организација. Поддршка на шеќерната репа во Програмата за поттикнување и развој на земјоделството имаше и минатата година, ќе има и оваа година, и тоа поддршка по еден хектар површина.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Србиновски, дали сте задоволен со одговорот на прашањето? Повелете.

**Илија Србиновски:** Не сум задоволен. Познато ми е на мене, но зошто не се стави една заштитна цена на пример на пченицата, еве, уште 3-4 месеци жетвата ќе дојде и треба да се каже заштитната цена на пченицата. Со ваквите мерки што се предвидени поминаа веќе две и пол години, ни мерки се предвидоа, ниту искористи нешто земјоделецот. Зошто еднаш јавно не се каже дека толку треба да биде пченицата. За да влеземе во Европа, нам ни треба производство, особено земјоделско производство ни треба. Без земјоделско производство во Европа не можеме да влеземе. Тука е основицата на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине Џамбазовски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Санде Џамбазовски:** Изгледа најдобро е ова прашање да го упати на неговата партија кога беа на власт, бидејќи тие го започнаа потпишувањето на договорот за влез во Светска трговска организација, каде што таму е напишано дека заштитна цена на нашите производи нема да има.

**Слободан Најдовски:** Господине замениче пратеникот има право да поставува прашања на министрите и на замениците министри, а вие треба да одговорите или да не одговорите. Благодарам, а сега одиме понатаму.

Третото прашање е што се случува со ЗИК Пелагонија и тоа е поставено до Владата.

Ќе добиете писмен одговор од господинот Србиновски по однос на третото прашање.

Следен за поставување на прашање е пратеничката Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам, потпретседателе.

Имам три пратенички прашања.

Првото е упатено до претседателот на Владата на Република Македонија, второто до министерот за здравство и третото ќе биде до министерот за образование.

Прашањето го упатувам до претседателот на Владата на Република Македонија.

После вашата посета на Република Бугарија и изјавата дека е постигната согласност за отворање на три нови гранични премини кон Република Бугарија, меѓу кои и граничниот премин Клепаво -

Берово, се решив повторно да го актуелизирам ова прашање, имајќи ја предвид големата потреба на граѓаните на општина Берово од отворањето на овој премин. На јавноста и е познато дека сите работи на патната комуникација Берово-Клепаво се завршени и дека самата зграда во која ќе бидат сместени царинската и граничната контрола е целосно изградена. Со оглед на оптимистичките изјави од двете страни и фактот дека оваа вест оддекна како сензација во нашата општина, сите нестрпливо го очекуваме денот кога овој проект ќе биде реализиран. Сметам дека со оглед на сите овие факти, овој проект ќе биде приоритет за Република Македонија  и за Република Бугарија, а особено што од наша страна не се потребни финансиски средства, бидејќи работите се целосно завршени, а Република Бугарија помош од финансиски аспект ќе добие и од фондовите на ЕУ. Моето прашање е следното.

Дали се утврдени конкретни тајнинзи од страна на Република Бугарија за започнување на градежните работи и кога најдоцна можеме да очекуваме свечено отворање на граничниот премин Берово-Клепаво.

Второто прашање е до министерот за здравство. Нема да го коментирам статусот на специјализантите на клиниката при Медицинскиот факултет со цел да ја исклучам евентуалната повреда на моите професори од генералнаа оцена за состојбата на моите колеги. Напротив, изразувам крајна почит и респект кон сите наши професори при медицински факултет. Во насока на надоминување на напластените проблеми, а со цел да имаме квалитетна едукација, подобрување на релацијата едукатори - специјализанти и останатите вработени, можност за биполарна еваулација, го прашувам министерот дали има сопствена концепција, секако, во соработка со Деканатот за воведување на менторски систем, пред се и над се, затоа што токму на министерот му е познато како тоа функционира во Европа и САД.

Третото прашање е до министерот за образование.

Основното училиште Дедо Иљо Малешевски е сместено во стар објект граден во 1955 година, пуштен во 1960 година и на овој објект се надоврзува нов дел пуштен во употреба во 70-тите години. Ова основно училиште во изминатите неколку години е алармантен проблем на општината, со неминовно наметнување на потребата од изградба на нова зграда на училиштето. Имено, констатирани се низа попуштања во градежната конструкција на зградата и потенцијалната опасност од сеизмички аспект. Не треба да потенцирам какви опасности можат да предизвика ваквата состојба на објектот. Согледувајќи го тоа, Министерството за образование и наука во 2003 година финансираше ио изработи главен проект, со оглед на фактот дека вкупната инвестиција за овој објект е милион евра, што е 80% од буџетот на Министерството наменет за инвестирање.Евидентно е дека овој проект не може да биде реализиран со средствата на Министерството, туку е неопходно изнаоѓање на странски и домашни донатори. Но, сепак, свесни сме за алармантноста на проблемот и мора да се изнајде начин за отпочнување со реализација на проектот, особено што претстои период во годината кога и временски ќе биде можна реализација на истиот. Поради ова и сите овие факти го поставувам следното пратеничко прашање до министерот.

Дали и во колкав обем е можна изградбата на ова училишна зграда во Берово и постои ли можност заз изнаоѓање на донатори со посредство на Министерството за образование и наука. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, госпоѓо Биковска. Првото прашање е до Владата на Република Македонија. Претседателот на Владата г-динот Владо Бучковски ќе одговори на ова прашање.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам, потпретседателе,

Република Македонија  и Република Бугарија со своите мешовити комисии имаат договорено отворање на три гранични премини. Тоа се Берово - Сандански, кај месноста Клепало, за Пехчево кај месноста Ајдучки Кладенец и помеѓу Делчево и Благоевград кај месноста Црна Скала. Најдалеку од наша страна се отидени подготовките за отворање на граничниот премин кај Берово, кај месноста Клепало и тоа беше наша интенција од Бугарска страна да добиеме уверување дека 10-те километри кои треба да го  поврзат овој граничен премин  со Сандански ќе бидат направени во најкус можен рок. Според ветувањето од Бугарската страна, Бугарската Влада до крајот на оваа пролет ќе започнат работите со проценка дека во период од една година, најдоцна година ипол, ќе биде поврзан граничниот премин Клепало со најблискиот град од страна на Бугарија т.е. Сандански. Значи, очекуваме многу брзо да биде свечено започнатата изградбата на делницата 10 километри од Бугарска страна.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине претседателе.

Госпоѓо Биковска дали сте задоволна од одговорот на прашањето?

**Наташа Биковска:** Му благодарам на премиерот за убавата вест и навистина Берово живее за овој ден.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Второто прашање е до министерот за здравство.

Има збор министерот за здравство г-динот Владимир Димов.

**Владимир Димов:** Надлежноста на министерот за здравство е да ги одредува установите во кои ќе се одвива специјализацијата и како такви да ги

верифицира. Меѓутоа, сигурно дека и одговорноса за спроведување на процесот, која што е конкретно во надлежност на Планот и Програмата на медицинскиот факултет, сигурно дека е во склад со Министерството и со интересите кои треба да се постигнат при таквиот начин на едукација на кадрите. Мислам дека прашањето е добро и можам да кажам дека оваа постапка е во тек со Управата на Медицинскиот факултет со деканската гарнитура и мислам дека наскоро ќе се изнајде решение за ова и специјализантите ќе добијат свои ментори во текот на нивната специјализација и престојот на клиниките и установите во кои што се одвива процесот на специјализација.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине министер.

Госпоѓо Бикова дали сте задоволна од одговорот на поставеното прашање.

**Наташа Бикова:** Да, задоволна сум од одговорот на прашањето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е упатено до Министерот за образование.

Има збор министерот за образование господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Ова е уште една прилика да се укаже на лошата состојба од инфраструктурален аспект во целина во образовниот систем. Фактот дека и покрај нашето внимание и лимитирани буџетски средства, ние правиме напори таа состојба да ја подобруваме дека е постигнато одредено подобрување од овој аспект во овие средини, но сигурно е дека има уште доста да се направи.

Едно од тие училишта каде што ние веќе две-три години го ставаме во програма е училиштето Дедо Иљо Малешевски од Берово, која што се состои, како што и од госпоѓата пратеник беше кажано во две целини, една постара, една понова, првичните наши беа за реконструкција на старото, но кога се покажа дека тоа не е можно ќе треба целосно да се руши и да се направи дополнително ново базирано врз потребите таму на учениците. Мислам дека после проектот кој што го направивме во минатата година, оваа година сме на мислење така да почнеме и со реализација на ова училиште. Точно е тоа дека не може да се направи само со буџетски средства, па затоа ние ги планираме во такви околности и помошта која како помош доаѓа во Република Македонија  од страна на разни држави како донации, како што и спомна госпоѓата пратеник и која што се хармонизира на ниво на Влада и се насочуваат према потребите.

Второ, оваа година веќе имаме сериозни размислувања образованието и инфраструктурата во образованието да биде дел од кредитните линии кај банките кои што се во функција на развој, како што е Банката за реконструкција и развој, Банката за инвестиции од Европска комисија итн., каде што и образованието би било дел од тие средства кој што би се намениле за образование, можеби многу битни, се разбира многу битни во овој контекст. Затоа, училиштето Дедо Иљо Малешевски е приоритет и се надевам дека ќе изнајдеме можности комбинирани помеѓу овие две три варијанти тоа да го реализираме. Се знае дека минатата година училиштето во Берово има свој дел и во Каменица, а таму веќе го направивме и дел од учениците кои патуваа и кои и не беа адекватно таму прифатени и тоа го надминавме. Сега, претстои уште овој дел за кој што, како што реков, ќе направиме обиди од можните донации и во комбинација со буџетските средства да го надминеме и овој, што се надевав дека ќе го направиме односно ќе го започнеме во текот на оваа година, а ќе зависи од приходите да го завршиме барем во идната година. Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Биковска дали сте задоволна од одговорот на поставеното прашање?

Наташа Биковска: Благодарам, задоволна сум и тоа како од одговорот. Видно е дека министерот е во тек со нашиот алармантен проблем и сме на пат заеднички да го решиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски**: Благодарам, госпоѓо Биковска.

Следен за поставување пратеничко прашање е во името на ВМРО - Народна партија, господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Првото прашање е до Владата. Што се случи со кредитот од 45 милиони евра за пред приватизација на ЕСМ. Каде и за што се искористени тие средства.

Второто прашање до министерот за економија. Како е можно ЕСМ да се откаже од 15  милиони долари за опрема во површинскиот коп Брод - Неотино, зазтоа што Русија не произведувала таква опрема. Мислам дека тоа апсолутно не е точно, а во Русија машини и багери, дреглај Н6, 45, 10, 70 се произведуваат како возила и ги има колку сака. А, од друга страна, се зема кредит од 130 милиони евра за истиот коп.

Последното прашање е до Министерството за здравство. Како е мошно од Фондот за здравство господинот Пановски да врати 2,5 милиони евра од Јавното здравство. Во меѓу време фирмата Пановски го доби тендерот за дијализери, кои се во најмала рака од сомнително потекло. Вие сигурно знаете каде се монтирани, за што директно Здружението за дијализа е премногу незадоволно од работата на овие дијализери, за кои некогаш се  користат и два до три сета пред да се заврши дијализата. Сепак овие се средства на народот и како јавни набавки треба да бидат квалитетни и во служба на оние за кои што се набавуваат. Тоа во случајов не е така.

Овие 2,5 милиони евра господинот Пановски ги врати во Министерство за финансии. Мислам дека вие како министер или пак Владата треба да знае што е и како е.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Пред да преминеме на одговорите на прашањата, господине Мавровски за прецизирање спомнувате презимиња кои што немаат едно со друго врска, да не се стекне после погрешен впечаток во јавноста за фирмата Пановски и директорот на Фондот Пановски. Сигурно, тоа министерот подобро ќе го објасни.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата, господинот Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Министерот за финансии ќе го даде одговорот од името на Владата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете господине Поповски, министер за финансии.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Средствата за пред приватизација во висина од 45 милиони до овој момент се повлечени 9 милиони и ќе се повлекуваат континуирано до крајот на годината како ќе се одвиваат фазите на приватизација на ЕСМ. Тие не се еднократни средства. Последните милиони ќе ги повлечеме во оној момент кога ќе се исполнат условите што со законот Собранието кога ги донесе ги усвои и Собранието на Република Македонија. Со оглед на тоа дека тој кредит е средства за предприватизација, чија судбина на средствата од страна на ЕБОР ќе се знае откако ќе се приватизира делот од ЕСМ што треба да се приватизира тогаш ЕБОР ќе одлучи дали ќе влезе како акционер или ќе ги поврати средствата назат, со оглед дека го овозможил процесот на приватизација. Откако ќе ги повлечеме сите средства, ако ЕБОР реши да остане акционер во ново приватизирано претпријатие ЕСМ, тогаш средствата ќе останат на Република Македонија и за нејзината судбина ќе одлучува Парламентот на Република Македонија. Ако ЕБОР после успешна приватизација евентуално реши да се повлече од процесот, тогаш тие средства ќе бидат вратени на ЕБОР,затоа што за претприватизација, а не за приватизација. Во овој момент девете милиони кои се веќе повлечени се депозит на Министерство за финансии во Народна Банка, девизен депозит.

**Слободан Најдовски**: Благодарам господине поповски.

Господине Мавровски дали сте задоволен од одговорот на поставеното прашање или имате дополнително прашање.

**Спиро Мавровски**: Од ова што го разбрав дека тие 9 милиони евра кои што се повлечени од 45 милиони се во Народна банка на Македонија. Апсолутно не е искористено ништо за претприватизацијата, која што е во полн тек и за која што ќе треба да говориме веќе во наредната недела. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Министерот за финансии, господине Поповски повелете.

**Никола Поповски:** И нема никаква потреба да се употребат за претприватизација. Ако внимателно ме слушаше господинот Мавровски, тие средства само го овозможуваат процесот и охрабрувањето кон Вадата од страна на ЕБОР да влезе во процесот на приватизација. Повтгорувам дека ако ЕБОР реши да стане акционер, тогаш зависно од продажната цена на делот од ЕСМ што се приватизира , ќе се пресмета колкаво е релативното учество на овие 45 милиони ако се повлечат сите до крај и со тој износ ЕБОР ќе стане акционер во ново основаната компанија. За тоа ни со нив преговараме и имаме позитивни сигнали. Ако реши да се повлече заради успешноста на процесот и некој друг да има целосна контрола врз пакетот на делот од ЕСМ што се приватизира, тогаш средствата ќе бидат в ратени. До тој момент, а тоа по проекцијата на Владата е крајот на оваа година, ние нема да знаеме што ќе биде одлуката на ЕБОР и соодветно на тоа нема да можеме да ги трошиме, туку ќе бидат депозит. А, за претприватизацијата, како што кажа господинот Мавровски, нема потреба да се трошат тие средства, затоа што процесот на приватизација се одвива со средства кои се одвоени и во Буџетот и во ЕСМ. Во Буџетот во 2005 година и нема никакви пречки да продолжи тој процес да се одвива.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, господине Поповски.

Второто прашање е до Министерството за економија. Немаме претставник. Ќе добиеме писмен одговор.

Третото прашање е до Министерството за здравство. Има збор министерот за странство, господинот Владимир Димов.

Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Би почнал со прашањето од крајот, бидејќи за она првото прашање околу трансакциите на средствата кои беа спомнати ќе се добие писмен одговор, затоа што немам увид во дневното работење на фондот. За второто прашање сакам да кажам дека Министерството е апсолутно во тек со сите проблеми кои воопшто не само што дијализерите ги имаат ги имаат болните кои се на дијализа во Македонија и во склоп на таквиот пристап на Министерството е еден долгогодишен проблем, особено оној што беше на болните во Струга, во Скопје се реши. Исто така, имаме

информации за ова што господинот Мавровски спомна, толкување сега и од стручниот тим на клиниките, како што и имаме мислење на самите корисници на тие дијализери. Во тек е постапка која ќе доведе до поправање на оваа состојба во Фондот за здравство, бидејќи во моментот кога се набавувале тие дијализери во минатото, оние дијализери кои сега ги посочуваат корисниците односно Здружението, тие дијализиери не биле регистрирани и заради тоа не можеле да бидат рангирани. Меѓутоа, сега врз основа на експертски мислења и стручни анализи таа постапка е во тек и мислам дека можам да соопштам дека во текот на наредните неколку дена тој проблем ќе биде решен.

**Слободан Најдовски:** Благодрам.

Дали господине Мавровски сте задоволен од одговорот?

**Спиро Мавровски:** Само мал коментар. Мислам дека. . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам, дали сте задоволни и дали имате дополнително прашање.

**Спиро Мавровски:** Не можам да бидам задоволен од одговорот кога е потврдено прашањето.

**Слободан Најдовски**: Ако имате дополнително прашање, тогаш поставете го.

**Спиро Мавровски:** Прашањето е потврдено и значи проблемот останува за наредната седница сега да кажеме дека треба да му верувам на министерот дека наредните 3,4 дена ова ќе се разреши, па за наредниот месец да му поставиме повторно прашање. Инаку, дополнително прашање на ова што ни одговори апсолутно нема, затоа што нема одговор.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Во меѓувреме дојде заменикот министер за економија.

По однос на вторoто поставено пратеничко прашање има збор заменик министерот за економија Саша Андоновски.

**Саша Андоновски:** Писмено ќе одговориме.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор господине Мавровски.

Следен за поставување пратеничко прашање е господинот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам почитуван потпретседател, јас ќе поставам само едно прашање. Прашањето ќе го поставам до минситерот за транспорт и врски, а сигурно ќе биде заинтересиран и премиерот господинот Бучковски.

Прашањето практично е продолжение на пратеничкото прашање кое беше поставено на 31. 2003 година, а се однесуваше на исклучувањето и вклучувањето на Гевгелија од и кон магистралниот пат М-1. Тогашниот министер за транспорт и врски господинот Ајдини доста коректно одговори и нагласи дека ќе испрати стручна екипа од Фондот за магистрални и регионални патишта и на лице место да ја видат состојбата и да се произнесат по истата. Дојде стручна екипа од Фондот го виде лошото и неадекватно сообраќајно решение, посебно сегашното решение за приклучување на возилата кои треба да одат кон Богданци, односно Дојран и излез од Гевгелија кон Грција. Затоа беше нарпавена инвестициона-техничка документација, беа обезбедени финансиски средства за двата крака и во меѓувреме Фондот за магистрални и регионални патишта побара согласност за сообраќајно уредување на двата крака, односно влез и излез во и од Гевгелија. По мое убедување претставниците од Фондот беа сигурни дека сообраќајното решение, односно согласноста ќе биде позитивна, а механизацијата беше на оваа делница и затоа краковите беа направени до фаза на асфалтирање. Но, на изненадување на граѓаните на општина Гевгелија, а сигурно и на барателот односно Фондот за магистрални и регионални патишта барањето за градба беше одбиено како неосновано и се наведени причините за самото одбивање. Тоа решение го имам. Но, за причините за одбивањето не би сакал да ве замарам бидејки не само што не е одржливо, туку е и навредливо за граѓаните на Гевгелија посебно кога некој тврди дека сегашното сообраќајно решение на најдобро. Морам да напомнам дека сегашната состојба е најлоша како во поглед на заобиколувањето на Гевгелија, така и во поглед на сообраќајното решение, бидејки јужниот дел од клучката е предвидена, но за жал не е реализирана. Колку е важен квалитетот на сообраќајната лента исто така важни се и другите придружни објекти кои се во функција на магистралниот пат. Повторно нема да ги набројувам, но сепак сметам дека најголемо значење ќе има археолошкиот локалитет Вардарски рид. Генералниот проблем со кој се соочува е самата позиција на локалитетот и неговото заобиколување од магистралниот пат М-1, а со тоа и е намалена можноста за негова пофрекфентна посетеност од страна на потенцијалните домашни и странски гости. Сигурно се сложуваме дека Македонија не е толку богата земја за да може да се откажеме од веќе направените придружни објекти кои треба да бидат во функција на автопатот. Ова прашање како посебна точка на двапати беше поставувана во Советот на општина Гевгелија и секогаш по ова прашање имаше консензус меѓу советниците, а ќе потенцирам дека има 4 политички партии кои партиципираат во Советот. Тоа значи дека и самите граѓани се едногласни во своето барање Гевгелија да добие квалитетен сообраќаен влез и излез. Колку стојат граѓаните зад овој проект зборува и фактот што поедини стопанственици спремни се да финансираат во осветлувањето на двата крака и изградба на семафор со што Гевгелија навистина би била порта кон Европа. Но, ако остане така како што е, ќе биде порта, но за жал заклучена.

Прашањето гласи; Дали министерот за транспорт и врски е запознаен со оваа состојба бидејки заклучоците од седницата на Советот беа испратени

до него посебно со тоа што овие два крака, односно во овие два крака веќе е инвестирано и е во завршна фаза, односно до фаза на асфалтирање и дали е спремен да го преиспира негативното решение издадено, односно потпишано од бившиот минситер господинот Буџаку. Во исто време го замолувам, односно го поканувам премиерот Бучковски да дојде во работна посета на општина Гевгелија и тогаш да разговараме за овој проблем кој навистина е актуелн и од посебно значење за сите граѓани на Гевгелија. Сигурно поканата важи и за господинот министер за транспорт и врски.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што немаме присутен од Министерот за транспорт и врски, ќе добиете писмен одговор на вашето поставено прашање.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам господине потпретседателе. Сакам да поставам две прашања и тоа едното прашање дали до минситерот за одбрана, или до премиерот, еден од двајцата треба да одговори, а тоа се однесува. Во минатата недела во весникот “Време” се пишуваше дека во Министерството за одбрана е утврдена веројатно некаква злоупотреба, или проневера на парични средства во висина некаде од 50 до 100 илјади евра за кое нешто одредени овластени лица, полицајци од одбраната, или од полиција, незнам кои преземале дејствија за утврдување на вината и одговорноста кај одредени лица за кое нешто е побарано и од судот да даде одобрение за да се извршат проверки и претреси на работните места, или во куќите, но после тоа наводно одреден висок функционер од Влада наредил таквата акција да се прекрати и таквото испитување.

Моето прашање е, дали постои таквиот настан а уште повеќе ме интересира кое е тоа лице висок функционер од Владата што наредил ако веќе отпочнало некакво испитување и проверување, да не се испитув апонатаму кога имаме во предвид дека сите сме ангажирани против корупцијата, злоупотребата, кривични дела од областа на стопанството, дали во тој дел постои нешто и што постои? Тоа е моето прво прашање.

Другото прашање ми е веројатно до министерот за транспорт и врски. Од 28 овој месец престана да функционира Канал-2 на Македонската телевизија за пренесување на седниците на Собранието и истите треба да се пренесуваат на Канал-3. Засега Канал-3 сметам дека не е опремен, не ја покрива државата. Како мисли Владата ова да го реши и до кога Република Македонија да биде покриена целосно со пренос на собраниски седници, а не на одреден дел во државата.

**Слободан Најдовски:** На првото прашање Ќе одговори минситерот за одбран аи потпретседател на Владата господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Со Завршната сметка за 2004 година утврдено е сметководствено непоклопување во благајната на Генерал Штабот во висина од 600 илјади денари и токму по налог на Министерството за одбрана уште од утврдувањето, значи од почетокот на оваа календарска година се води постапка за согледување на ова сметководствено непоклопување и таа постапка ќе се води во рамките на самото Министерство при што според позитивните законски прописи одговорен за спроведување на истрагата во Армијата до нивото на Генерал Штаб е Воената полиција и во рамките на тие свои надлежности Воената полиција изврши контрола, анализа и Извештајот од таа анализа е доставен до надлежниот истражен судија. Така што сега ние сеуште имаме предистражна постапка врз основа на документите истражниот судија е тој што одлучува дали се покренува истрага и кој понатаму ја врши таа истрага. Што значи дека нема никакво попречување на истрагата наводно од како што и вие споменавте од некој владин функционер, туку целата истрага си се одвива во рамките на законските прописи и за неа онака како што е предвидено главниот и последниот збор се разбира го има истражниот судија. Ние очекуваме, веќе дел од материјалите се доставени до надлежниот судија и очекуваме врз основа на тоа што го има истражниот судија во увид, тој да одлучи дали ќе покрене истрага, или не. Токму доблеста и капацитетот на Министерството за одбрана е што веднаш и самото реагира на вакви настани, значи веднаш по утврдувањето на ова салдо на завршната сметка се преземени такви мерки. И добро би било кога сите би постапувале како Министерството за одбрана, веднаш кога ќе се забележи ваква ситуација веднаш да се ангажираат надлежните механизми и тоа всушност е вистински начин за водење на борбата против корупцијата на едно секојдневно дневно ниво на сите оние места каде што може да има вакви појави.

**Слободан Најдовски:** Господине Манев, дали сте задоволен од одговорот на поставеното прашање?

**Ефтим Манев:** Јас сум задоволен од одговорот затоа што ниту јас се сомневам, ниту сум осомничил некого, јас тоа го прочитав дека имало попречување. Тоа што го кажа министерот е во ред и така треба да биде. Веројатно постои некоја забуна, недоразбирање, меѓутоа новинарите го дадоа тоа.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до минситерот за транспорт и врски. Затоа што немаме претставник од Министерството за транспорт и врски ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување пратеничко прашање е пратеникот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, господине премиер, господа министри, јас пред да го добијам редот имав три прашања. Во меѓувреме за едното поразговаравме со минситерот Владо Поповски и тука дилемата се разјасни. Значи, ќе останам на она да поставам само две прашања.

Првото прашање е до минситерот за труд и социјална политика. Во членот 61 од Законот за пензиско и инвалидсо осигурување се предвидува користење на паричен надоместок од страна на Фондот за работниците инвалиди на трудот до нивно вработување, или пензионирање. Оваа тема и претходно ја разговаравме. Овде се работи конкретно за една група на трудови инвалиди кои доаѓаат од општина Куманово, односно од претпријатието "Чик" 35 лица, "Киро Фетак" 39 лица, "ДИ-ЕР"-Куманово 5 лица и "Биброк". Куманово 2 лица, значи се на се некаде од прилика уште 94, ама мислам дека таа бројка сега е намалена на 72 лица кои мислам дека имаа средба и со ресорниот минситер, бараа промена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување во членот каде што би било да добијат надоместок за 2004 година. И друго дали е во можност Министерството за труд и социјална политика, односно минситерот да им излезе во пресрет на барањата на оваа група на трудови инвалиди од Куманово и она што всушност е нивниот надоместок за 2004 година кој не е исплатен да се доисплати. Мислам дека целата сума според она што јас имав контакти со тие луѓе, целата сума изнесува околу 3 милиони денари. Тие луѓе секако би биле задоволни во било која форма да се одговори на ова прашање.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Се спомна во јавноста пред извесно време дека Владата сега ќе носи нов закон, односно ќе го менува Законот за стечај во некој даден нареден период. И во контекст на тоа би сакал да прашам, бидејки во општина Куманово навистина имавме сериозни проблеми со стечајните работници кои редовно доаѓаа во нашата канцеларија за комуникација со граѓани. Можам одговорно да кажам според она што се податоците дека бројката на стечајни работници во општина Куманово е околу 17 илјади, бидејки во меѓувреме имавме успешно рестартирање на "ЧИК"-Кумановi и "ИСКРА"-Куманово, значи можно е тој број сега да е намален. Но, во секој случај бројката е сериозна, бидејки тука се работи за стечајните работници од фирмите "Киро Фетак", "Купром", "Житомел" и ред други, значи кои ја сочинуваат навистина таа висока бројка. И сега и нивно интересирање е, бидејки навистина во јавноста тоа одекна позитивно и нивно интересирање е кога и како би можело да дојде до донесување, или промени на Законот за стечајна постапка.

**Слободан Најдовски:** Првото прашање е до минситерот за труд и социјална политика Стефчо Јакимовски

**Стефчо Јакимовски:** Со случајот сум запознат, значи за работниците кои користат надомест по однос на инвалиднина ние сериозно го размислуваме. Решението ќе биде во рамки на законската можност која што ја имаме и наскоро ќе излеземе со конечен одговор. Но, би сакал да се знае дека секое право нормално повлекува и одредени парични средства кои што треба да се обезбедат. Уште еднаш повторувам дека веќе наредната недела дефинитивно ќе се знае точно каков одговор ќе имаат овие граѓани на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Господине Анастасовски дали сте задоволен од одговорот?

**Иван Анастасовски:** Ќе бидеме во исчекување заедно со оваа категорија на луѓе од општина Куманово.

**Слободан Најдовски:** Второто прашање е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Дел од структурните реформи кои се преговараат со ММФ и Светската банка, делот на реформите на правосудството за да биде поефикасна постапката во делот кога побарувањата на доверителите не ќе можат на друг начин да се намират со измени во Законот за стечај и двете министерства, Министерството за економија во делот на препораките со Министерството за правда работат во овој правец. Најголемата новина ќе биде околу времетраењето на стечајот и улогата што ќе ја имаат стечајните управници. Во тој дух беше и состанокот кој Министерството за правда го организиравме со стечајните управници кои ги водат стечаите од  прилика во 90 компании во Република Македонија заради субјективните слабости кои во дел од нив се појавуваат, но и заради објективнит епотешкотии кои почиваат на законската регулатива беше заеднички заклучокот дека многу брзо таму треба да се оди со радикални промени на времетраењето на стечајот и на улогата во која се наоѓаат стечајните управници. Ќе бидат опфатени и оние случаи од Кумановското стопанство кои се влезени во стечајна постапка.

**Слободан Најдовски:** Господине Анастасовски дали сте задоволен од одговорот.

**Иван Анастасовски:** Да, јас му благодарам на премиеро. Всушност и луѓето кои доаѓаат во канцеларијата и тоа беа нивните намери, се интересираа пред се за времетраењето на целата стечајна постапка и посебно за дел од стечајните управници кои се во тие фирми кои претходно ги спомнав. Во тоа ми беше поентата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Следен за поставување на пратенички прашање е пратеникот Џевдет Насуфи.

Повелете господине Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине потпретседателе,

Дами и господа пратеници, почитуван премиер,

За жал, иако сме сеуште во еден изборен амбиент, само по себе наложува за дискусија едно прашање кое е карактеристично прашање за министерот за труд и социјална политика.

Со еден збор, во Струга, во пресрет на изборите се случи еден дискриминаторски чин, тежок чин, еден чин кој не соодветствува со демократијата. Имено

претседателот на Изборната комисија, господинот Беќим Баута се отпушта од работа со одлука на дирекоторот на социјалниот сектор.

Карактеристично е што господиное Беќим Баута во времето на бившата влада беше директор на таа установа. Актуелнот директор на таа установа,кој го отпушти од работа, чие име не заслужува да го спомнам, го направи неможното во планот на пропагандата, повторно, значи овој директор кој сега е отпуштен, значи бившиот директор кој е отпуштен, не направи ништо тогаш да го отпушти и да му даде некоја казнена мерка. За нас тоа е еден политички притисок. Затоа, го молам министерот до крај да ја следи оваа нехумана состојба и антидемократски гест што во целост ги унакажува изборите.

Второто прашање е следното.

Во Охридскиот договор има еден јасен пасус во кој се вели дека на крајот на 2004 година полициската структура во Македонија ќе ја изрази структурата на составот на населението на Македонија.

Прашањето е, дали е остварена оваа обврска во бројки или не е остварена, опфаќајќи ги сите места, од Тетово до Струга, Ресен, Битола, Прилеп и така натаму. Сигурно ќе се настојува да се даде еден политички одговор. Но, јас тоа не го правам за политички прашања, туку за прагматични прашања.

Третото прашање е политичко прашање.

Добро е што е присутен господинот премиер овде.

Имено, се забележаа нерегуларности во овие избори, па како господинот премиер го цени тоа, каква ќе биде позицијата на Македонија пред меѓународниот фактор.

Сега немам други прашања, но пред три-четири месеци поставив неколку прашања до министерот за образование, а одговор сеуште не сум добил.

Ги молам службите на Собранието истите прашања да ги актуелизираат до министерот. Истовреме но молам и Антикорупциската комисија да се опфати во образложението на тие прашања.

Тоа е прашањето за министерот за образование.

Благодарам господине потпретседателе.

**Слободан Најдовски:** Првото прашање беше упатено до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Јакимовски.

Повелете господине министре.

**Стефчо Јакимовски:** Во писмена форма ќе биде одговорено.

**Слободан Најдовски:** Господине Насуфи ќе добиете одговор во писмена форма.

Второто прашање, господине Насуфи, најверојатно е упатено до министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот за внатрешни работи господинот Михајловски.

Повелете господине министре,

**Љубомир Михајловски:** Ќе одговориме во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Господине Насуфи и на ова прашање ќе добиете писмен одговор. Последното прашање беше повеќе политичко.

Има збор претседателот на Владата господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуваниот пратеник Насуфи, загрижен за меѓународниот углед на Република Македонија постави прашање како изолираните инциденти и нерегуларности за време на последните локални избори ќе се одразат на меѓународниот углед на Република Македонија. Моја проценка е, а верувам дека тоа брзо ќе се потврди и како преовладувачки став во нашата држава е дека ние треба да бидеме свесни дека имаме проблем со изборниот циклус и дека станува константа во извештаите за овие избори но и за изборите наназад дека имаме нееднакви стандарди или нееднакво почитување на стандардите во едниот дел на Македонија и во другиот дел на Македонија, или вака како што се употребува во Извештајот, во северозападниот дел на Македонија имаме бројни нерегуларности во зависност од тоа кој ги дава информациите. Инфорамциите може да ги даваат само набљудувачите кои ги респектираме како дел од изборниот процес и мора нивните согледувања да бидат во максимална опомена за сите политички субјекти во Македонија.

Не замижувајќи пред фактите и пред традицијата која ја имаме, јас само ќе потестам, не префрлајќи го товарот и не правејќи од тоа етнички проблем бидејќи некој се обидува на тој начин, проблемите кои ги имаме во изборниот циклус да ги претстави, што е крајно поедноставување на работите и не го решава проблемот. Затоа Владата зема обврска во рамките на своите ингеренции, а тоа треба да го имаат сите политички субјекти, да се работи на надминувањето на овие проблеми затоа што дел од работите кои сите ние ги знаеме, некој не ги прифаќа како сегашна наша реалност, а тоа е дека многу работи за кои и беше гледано низ прсти, како што се, да речеме до пред некоја година бизерните забелешки околу тоа колку жени албанки гласаат на изборите, или колку жени албанки се дел од изборните органи, сега станува еден од проблемите кој говори за капацитетот на Република Македонија и за демократските вредности кои ние ги промовираме.А бидејќи секој од политичките субјекти треба да си ја преземе одговорноста, Владата како најодговорна во еден сегмент од изборите, максимално ќе продолжи со акцијата која ја води, сите оние кои насилнички се однесуваат да бидат изведени пред надлежните органи и за тоа да одговараат.

Ја користам оваа прилика да соопштам дека Министерството за внатрешни работи го затвори случајот со обидот да се наполни една избирачка кутија во едно избирачко место во Прилеп. Имаме четворица осомничени за кои се поднесени кривични пријави и очекуваме Јавното обвинителство да ги прифати сите овие работи. Врз основа на допрен глас, она што го правеа активнистите на ДПА, се испитуваат околностите од кои лицето со иницијали ЈЈ е сликано како уфрла повеќе гласачки ливчиња во една кутија. Веруваме, ако тоа се документира, МВР ќе ја поднесе и таа кривична пријава. Од покрупните случаи останува случајот во Основното училиште “Пенко Здравковски” во Бутел каде МВР и понатаму ќе продолжи со напорите да ги затвори случаите. Тоа е она што може да го прави Владата. Владата ќе се обиде преку вршењето пресија на овие насилници да испрати јасна порака кон сите оние кои беа толерирани во изминатиот период.

Многу добро знае пратеникот Насуфи дека во 1998 година, на оние парламентарни избори за кои велиме дека биле најдобро организирани, веројатно една од причините зошто беше така е, во тој момент едната опозициона и другата позициона албанска партија беа во коалиција. Ќе го потсетам дека само на едно место имавме независен кандидат. Јас како тогашен член на ДИК бев на седмото прегласување во гласањето во Студеничани каде последниот обид и успеа на тогашната коалиција на ДПА и ПДП во изборите 1998 година да го победи независниот кандидат. За 1999, пратеникот Насуфи најдобро знае што се случуваше во неговата родна Велешта и како 263.000 гласови на албанците беа злоупотребени, да колумнира сето тоа во 2000 година каде тогашната позициона и опозициона партија во албанскиот политички блок да употребат оружје и загина еден симпатизер на тогашната опозициона ПДП, на гласачките места.

Да не должам дека само се проблемите во албанскиот политички блок, за прв пат тогаш беше употребено насилство во Охрид и дел од работите за кои говореше пратеникот Стаменков, се промоција, почнувајќи од бугарски возови па до начинот како високи функционери на тогашното ВМРО кои ја завршија кариерата како државни секретари, преку ноќ за сите лица кои беа на привремена работа во странство, вадеа лични карти и тогаш онаа фамозна анегдота која излезе за Цвета која била воданска која, комшиите кои ја препознале, неможеле да ја препознаат дека е таа. Можам вака да говорам час и половина да му објаснам на пратеникот Насуфи дека сите овие работи што ние ги знаеме, сега преку ноќ сите добија амнезија и се обидуваат да ги поедностават работите. Имаме проблеми и треба да признаеме дека проблемот постои. Онака како што беа манипулирани од политичките партии гласовите на албанците, така во серија изборни циклуси, да речеме беа манипулирани гласовите на ромите во РМ. Сега во овој процес во кој дојдовме на чекор до НАТО и ЕУ, сето тоа ни е испорачано како смет. Владата е подготвена, тоа што се бара од неа, да го направи. Ќе влеземе, по завршувањето на овој изборен циклус и кон неопходниоте доусовршувања на нашиот изборен циклус. Но, сите политчки субјекти треба да ја преземат одговорноста на следните парламентарни избори да бидат перфектни. И во никој случај не очекувам дека проблемите за кои не сакаше некој, можеби, јавно да говори, може да го урнат угледот или да ги намалат шансите на РМ да биде дел од НАТО и од ЕУ. Напротив, ќе биде уште еден предизвик повеќе да покажеме дека функционира владеењето на правото. Ние во овој момент најмногу имаме проблем не со тоа дали биле злоупотребени некој гласови, затоа што во краен случај јасно е, ако тоа не влијае на изборниот резултат, тогаш ако позицијата и опозицијата, условно говорам, во македонскиот политички блок е задоволна со изборите, значи треба сега да се истераат работите до крај, ние тоа ќе го направиме и мислам дека постои добра волја кај сите политички партии во нашата држава, тоа можеме да го направиме и многу поефикасно. Јас се обидувам да објаснам во тој правец го сметам и повикот за бојкот на Демократската партија на албанците како нивни последен обид сега во видоизменета улога од главни актери на фалсификатот да речеме во 1999 се главни поборници и чувари на демократијата во северозападниот дел на Република Македонија, што мене ми се допаѓа и јас сум подготвен како претседател на Владата да соработувам со Демократската партија на албанците, да воспоставиме поинакви стандарди во посочените гласачки места кај што имавме проблеми. Тоа е она што Владата ќе го прави а уште еднаш да потврдам дека ниту еден нема да биде толериран кој на првиот или вториот круг на локалните избори, независно дали е припадник на позицијата или опозицијата, симпатизер на позицијата или опозицијата во делот на неговото гонење и поднесувањето на кривични пријави пред надлежните органи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Насуфи, Вие не поставивте пратеничко прашање, сега да видиме корекции. Рековте барате политички осврт или оценка од претседателот на Владата, и претседателот беше коректен, мислам дека сега немате право ни на дополнително прашање, затоа што не поставивте пратеничко прашање.

**Џевдет Насуфи:** Јас повторно мислам дека премиерот, проценките на премиерот се точни и овие имаат влијание.

**Слободан Најдовски:** Не доби збор, беше таков и договорот. Сега мислам да бидеме коректни до крај. Не поставивме прашања, немате право ни на дополнително прашање.

Следен за поставување на пратеничко прашање е пртеникот Борко Ангеловски.

**Борко Ангеловски:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Јас би поставил две прашања.

Првото е до министерот за економија, а се однесува за Фабриката “Сувенир” од Самоков.

Имајќи во предвид дека во таа фабрика работеа околу 400 работници, а сега моментално е во стечај.

Прашањето би гласело: Што презема Владата во правец за што побрзо рестартирање на фабриката Сувернир од Самоков.

Второто прашање го упатувам до Министерството за транспорт и врски.

Прашањето гласи: До каде се активностите околу изградбата на патниот правец Македонски Брод - Скопје, покрај езерото Козјак, затоа што со изградбата на овој пат ќе добијат сите, посебно жителите од овој крај, а со овој патен правец патот за Скопје би се скратил за околу 60 километри. Многу ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ангеловски.

И за двете поставени прашања, едното до Министерството за економија, другото е за Министерството за транспорт и врски, ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување за пратенички прашања е господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Јас ќе го искористам моето право согласно член 37 од Деловникот, што вие го цитиравте, да поставам три прашања.

На почетокот дозволете ми господине потпретседателе, и ако поминаа можеби два месеци откако немало седница за поставување пратенички прашања, навистина ми требаше долго време, можеби недела дена, да смислам што да прашам, а тоа е од проста причина што нема ни што да се праша затоа што Владата навистина многу добро ни работи, нема што да праша човек, односно ништо ни не работи. Ќе почнам со тоа што како пратеници, во рамките на оние отворени канцеларии, имавме можност и сеуште имаме можност, со посета на граѓаните што доаѓаат со одредени такви иницијативи, па има една таква замолница да поставам едно прашање. Сега јас прашањето би го адресирал до премиерот, можеби се однесува и до министерот за одбрана, меѓутоа со оглед на тоа што и премиерот беше министер за одбрана, можеби е и најкомпетентен тоа да го одговори.

Станува збор на поранешни воени офецири до Југословенската Народна Армија, жената се вика Ребека, која до мене достави одреден допис и замолница да поставам прашање,односно прашање што се случува со нив, дали има можност да бидат ангажирани во Армијата на Република Македонија. Тоа здружение ми достави список со некаде 89 такви воени офицери кои, нели на сите ни е познато со онаа помеѓу тогашните претседатели и генерали на тогашната ЈНА и согласно законските обврски, требаше да бидат превземени, доколку во определен рок нели, изјават дека преминале во Армијата на Република Македонија.

Е, сега има тука многу дописи, обраќани, овие луѓе од 90 и која година таму 1993 година, постојано се обраќаат и до претседателот на државата, без разлика кој бил, значи од тогашниот до сегашниот, до министерот за одбрана, до господинот Бучковски како министер за одбрана, до претходни министри и така натаму. Значи ова се однесува за сите влади, и секогаш добивале различни одговори во смисла да сега засега нема потреба, кога ќе се укаже потреба, ќе ви се обратиме,потоа добиле одговор, во смисла на тоа дека наводно не се пријавиле во предвидениот рок, потоа биле упатени на судска парница, такви судски парници ги има, па од тие судски парници, предметите се враќани повторно во Министерството за одбрана и цело време се кружи и се врти, но до ден денеска на овие луѓе, на овие граѓани, кои се граѓани на Република Македонија, со тоа што нели стекнале и државјанство на Република македонија, живеат во Република Македонија, имаат имот и согласно Законот за државјанство ги исполнуваат сите услови да се граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, до ден денеска она што тие го имале како знаење, и она што тие го поседувале како искуство во ЈНА, согласно Спогодбата, до ден денеска не се најде никаков ангажман за истите. Мора да напоменам, да таа информација ја добив од нив, значи од тоа здружение дека сите поранешни југословенски републики, значи Србија и Црна Гора и оние другите кои беа во Југословенската Народна Армија го решиле проблемот со ваквите старешини со тоа што скоро сите се ангажирани во тамошните републики. Значи, проблемот остана уште во Република Македонија.

**Жарко Караџоски: (продолжение)** Сега ја користам оваа можност,прашањето би било поставено и до Владата, јас не сакам подетално да го образложувам ова затоа што знам дека и господинот Бучковски, а веројатно и сегашниот министер за одбрана оваа проблематика му е доста позната, прашањето би било-Има ли надеж за оваа категорија на граѓани на Република Македонија за нивен ангажман во Армијата на Република Македонија, согласно сите трансформации што ги прави Армијата во рамките на приближување кон НАТО и согласно на она што беше Спогодба и што беше Закон во Република Македонија и наша обврска? Овие граѓани сакаат тоа да го слушнат јавно. Впрочем од самиот одговор зависи какви други чекори ќе превземаат. Запознат сум дека, во зависност од одговорот, можат да превземат дипкломатски активности, тоа значи да ја запознаат меѓународната јавност итн. итн. Тоа би било првото прашање.

За второто прашање, потпретседателе, го почитувам она, иако не беше некој договор одвде изразен, значи не би го користел институтот пратенички прашања денеска, кога сеуште трае кампања, да поставувам прашање за да водиме кампања. Сепак ќе се трудам да поставам прашање што ги

интересира сите граѓани на Република Македонија, независно на која политичка опција припаѓаат.

Дееновиве, мислам не деновиве, туку подолго време, еве, денешниот ден е последен датум кога Агенцијата за приватизација на општествениот капитал, можеби ова прашање е упатено до министерот за финансии или до премиерот, сепак мислам дека премиерот е поадекватен, значи денеска, на 31 март престанува да постоиб Агенцијата за приватизација на општествен капитал. Имавме можност да слушнеме, а тоа го слушнавме и од господинот Бучковски кога беше во рамките на изборната кампања гостин на ТВ Прилеп и зборуваше за она што сега јас ќе го праќам, значи зборуваше за “Еурокомпозит”-Прилеп и за Тутунскиот комбинат-Прилеп, во рамките на она што значи што ќе биде кога оваа Агенција ќе згасне, а тоа се случува денеска.

Со оглед дека “Еурокомпозит” е, да не речам, 100%-но државен капитал, а Тутунски комбинат-Прилеп над 35% општествен капитал, заради што државата или Влада имаше свои претставници. Повторно прашувам од аспект на тоа што многу граѓани се интересираат и буквално, ако нешто е главна топ-тема во Прилеп, освен победата на ВМРО-ДПМНЕ, друга тема е она што ќе биде со овие компании? Особено, што со Тутунскиот комбинат, каде се вработени многу граѓани, што на некој начин е гордост на Прилеп. Што ќе биде, каде тој капитал ќе премине и, согласно на она што имавме можност да го прочитаме дека и едната и другата фирма, “Еурокомпозит” и Тутунски комбинат ќе одат на јавен тендер, како една варијанта, а како втора варијанта што се слуша низ градот е приватизација по пат на стечај или ликвидација? Бидејќи таму работат многу работници, сите се исплашени за својата егзистенција. Факт е дека состојбата таму ниту во едната ниту во другата фирма не цути. Има проблеми. Нормално дека се очекува одговор од Владата, со оглед дека го има општествениот, оној државен капитал, мора да го направи првиот чекор.

Прашањето би било до премиерот, до министерот за финансии, не е битно. Ако премиерот се чувствува покомпетентен или повеќе информиран, што би превзела Владата или што со овој државен капитал, каква би била иднината на овие две фирми што се од битно значење за градот Прилеп. Тоа морам да го потенцирам.

Третото прашање, дозволете ми почитуван потпретседателе повторно да го упатам овој пат директно до премиерот на Владата, до господинот Бучковски.

Почитуван премиеру, поминаа сто дена одкако ја формиравме Владата. Сите сме сведоци, особено ние, пратениците на опозицијата кога имавме можност да го слушаме вашето експозе, вашите најави, вашите бројки што ги најавивте на инвестиции, на сето она што ќе значи во Република Македонија конкретна реализација на она што со оваа Влада Македонија ќе го види. Најавивте, исто така, како прва ваша заложба да се укинат или ограничат дискреционите права на министрите. Потоа, најавивте дека ќе има економски процут во Република Македонија за што ангажиравме и експерти, за што буквално јавноста беше бомбардирана секој ден. Меѓу другото..

(интервенција од потпретседателот за времетраењето за поставувањето на прашањата)

Не поминаа 10 минути. Дозволете ми да завршам.

**Слободан Најдовски:** Во ред, продолжете.

**Жарко Караџоски:** Дојдоа експерти, да не ги кажувам по име, ги знае јавноста, сите. Меѓутоа, морам да повторам, повторно не е мое прашање на господинот Караџоски, туку она што граѓаните го прашуваат-Што, покрај оние ПРЕС конференции, најави и да не речам сликање пред новинари за кое што до сега морам да признаам дека единствен премиер кој најчесто се слика во Република Македонија со разни гости, тоа е господинот Бучковски кој и најмногу дал изјави, што конкретно планира да се направи, затоа што буквално ништо не видовмме? Дури, морам да потенцирам, дури во целиот овој период буквално не е донесен ниту каков закон до Собранието на Република Македонија, дури немаме за што ни седници да држиме. Премиерот, ако може да одговори, покрај сите овие експерти, најави, што планира и има ли некаков конкретен план за понатаму?

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

До паузата имаме уште 7-8 минути, но ќе одговориме на трите пратенички прашања, па после ќе направиме пауза.

Првото прашање беше до Владата, господинот Караџоски рече до премиерот или до министерот за одбрана.

Претседателот на Владата, господинот Бучковски ќе одговори на трите прашање.

Поволете господине премиеру.

**Владо Бучковски:** Благодарам ќе одговорам на трите прашања.

Првото прашање е од Здружението на поранешни офицери на поранешната Југословенска Народна Армија кои на време не се трансформирале во сегашни офицери на Македонската армија. На ова прашање ќе одговориме писмено иако до детали сум запознат со случајот. Правев консултации со Манасиевски, но за да остане писмен траг писмено ќе одговориме, да види и пратеникот Караџоски дека нема потреба од покренување на меѓународната јавност, затоа што, според нашето мислење, затоа ќе го доставиме во писмена форма, државата во период што е клучен за трансформирање на нивниот статус, постапила согласно законските решенија и привремените договори и спогодби што тогаш ги правеле претседателот Глигоров и генералот Аџиќ.

ќе се види дека и законската регулатива е испочитувана.

Сето она што се прави како трансформација на Армијата на Република Македонија отвора можност за професионални војници кои не се промовирале во Армијата на Република Македонија, во конкретниов случај јас ги немам биографиите на сите 89 луѓе, но тие веќе беа во поодминати години кога не можат да бидат подофицери во АРМ и професионални војници. За офицерите веќе имаме проблеми што ги решаваше и Парламентот, со донесување на посебен закон, каде што во делот на намалувањето на бројот на офицерите одевме со лек специјалис.

Така што конкретниот одговор ќе биде во писмена форма , со што мислам дека ќе му ја олесни комуникацијата на пратеникот Караџоски во неговата канцеларија во Прилеп.

Второто прашање, со згаснувањето на Агенцијата за приватизација не престануваат и напорите што ги прави Владата да најди решение за изнаоѓање на стратешки партнер за двете битни компании, не само за прилепското стопанство, туку и за Република Македонија. Тоа се Тутунскиот комбинат во Прилеп и Еурокомпозит од Прилеп.

Првите чекори што ги прави Владата врз основа на проценката што ја направи досегашната Агенција за приватизација ќе се обидеме да ги олесниме финансиските дубиози на тој начин што ќе дојде до намирување на долгот што го има Тутунскиот комбинат во Прилеп кон државата, пред се кон Управата за јавни прходи за неплатените даноци, со започнување на процесот на дивестирање на објектите што не се суштествени за функционирањето на Тутунскиот комбинат во Прилеп. Пред се, тука мислиме на амбулантата што се наоѓа во кругот на Тутунскиот комбинат и на Хотелот што го има Тутунскиот комбинат во Охрид, како начин со кој што би можело да дојде до подобрување на финансиската кондиција во која што се наоѓа Тутунскиот комбинат во Прилеп. Значи, не ја преферираме варијантата да одиме на стечај или ликвидација, одиме на варијантата за изнаоѓање на стратешки партнер. Во текот на минатата недела имавме разговори со птенцијални стратешки партнери. Во вторник доаѓа еден од најсериозните кандидати да биде стратешки партнер на Владата. Ќе видиме како ќе завршат разговорите. Не би сакал ништо да прејудицирам.

За Еурокомпозит од Прилеп, станува јасно дека во неговата трансформација дел, заради тоа што е дел од наменската воена индустирија, државата го искажува својот јавен интерес и претендира дел од Компанијата да остане во државна сосптвеност. Заради поголемите капацитети што ги има од потребите на Армијата и Полицијата, веројатно пробивот што го прави, сега обидот да го направи на турскиот пазар, пласирајќи дел од своите производи за турската жандармерија, може да го отворат просторот и во Еурокомпозит потенцијалниот стратешки партнер да биде една врвна турска компанија. Но, сето тоа ќе зависи од пробната соработка што ја започна сега менаџерскиот тим на Еурокомпозит со турската жандармерија.

За третото прашање ..

**Слободан Најдовски:** Господине претседартеле,

Заради Деловникот, морам да го прашам пратеникот дали е задоволен од одговорот на второто поставено прашање, бидејќи за првото прашање ќе се одговори писмено.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** И од одговорот на првото прашање сум задоволен, затоа што не станува збор да сум само јас информиран, туку повеќе оние кои дошле кај мене, во мојата канцеларија. Писмениот начин дава можност да бидат подетално информирани.

По однос на второто прашање, доколку се вакви најавите и доколку она што сега го кажува премиерот се оствари, би требало да бидам задоволен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Повелете господине претседателе да одговорите на третото прашање.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија .

**Владо Бучковски:** Третото прашање беше за истекот на стотте дена од работата на Владата. Жалам што немавме разбирање кај пратеничката група на ВМРО-Народна партија, денешната тематска седница на Владата е давање првичен отчет за она што Владата го направи во првите сто дена. Тоа ќе биде достапно на јавноста на транспарентен начин во текот на идната недела. Ќе презентираме што направи новата Влада за 100 дена и што пред се во делот на реформите ќе прави во периодот што престои. Најбитно е да се знае дека дел од бројките, што веројатно изгледаа на почетокот поохрабрувачки за напорите што ги прави Владата, ќе бидат и подобри, но јас, во своето експозе, давајќи ветувања, не се држев многу до бројките.

Но, тоа што не охрабрува е што последните извештаи што ги подобруваат шансите на Владата да биде многу поуспешна во своите напори да ја подобри економската состојба, е податокот што е сега веќе официјален, дека за 2004 година бруто домашниот производ порасна за 2,9%, дека немаме раст на невработеноста и дека ја завршивме 2004 година со макро-економска стабилност.

Ако на сето ова додадеме дека во изминатите 100 дена , веројатно според комплиментите што стигаат од меѓународните финансиски институции, една од ретките влади што, независно што беше во текот на овие 100 дена во изборна кампања, не прекина со реформите што се дел од подобрувањето на имиџот што го има Република Македонија како сериозен

партнер, што сериозно ќе ги спроведува структурните реформи.

И понатаму сме цврсто решени, независно каков ќе биде аранжманот и со ММФ и Светската банка, ние самите за себе си дадовме реформски курс што ќе го истераме, а тоа значи стурктурни реформи, како приоритет за работа на Владата, подведени под слоганот “Промовирање на подобра бизнис клима во Република Македонија”.

Да тоа го направивме, Владата веќе ги превзема сите неопходни чекори. Пратениците ќе бидат сведоци дека во периодот до мај, најдоцна седум дена, ќе стигне иницијативата од страна на Владата за измена на Уставот, што е во делот на реформите во правосудството, неопходни ако сакаме да одиме и да чекориме во реформските процеси, да имаме поефикасно судство, афирмирање на принципот на владеење на правото, а од друга страна да го направиме правосудството имуно од политички влијанија.

Заради сето тоа стартуваме со иницијативата за устани измени. Министерството за труд и социјална политика го подготви текстот што треба да биде основан за измена на работното законодавство, што е од вториот битен сегмент од реформите што треба да ги спроведе Владата. Тоа е да го флексибилизира пазарот на работна сила, да имаме ново хармонизирано работно законодавство што ќе биде иманентно на европските и светските стандарди.

Идната недела ја почнуваме дебата со синдикатите. Во меѓувреме продолжуваат нашите разговори со коморите, бидејќи во краен случај ќе се обидеме да имаме усогласен текст помеѓу двата социјални партнери и во трипартнитниот договор ние да посредуваме помеѓу интересите што ги имаат работниците и работодавците.

Продолжуваме и со другите процеси што треба во Република Македонија да доведат до подобрување, пред се, на бизнис климата. Ова се неколку од работите што веруваме дека во втората половина на оваа година ќе дадат конкретни резултати.

Не сакам сега да шпекулирам со бројки, дали од сите оние со кои се сликав, како што велите вие, кои ако ги сумирам нудат можности за инвестиции во Република Македонија од над 30-40 миулијарди евра ќе реализираме, зависи од нашата умешност и од бизнис климата што ја создаваме сите во оваа држава, ќе може тоа да го направиме.

Така што и улогата на опозицијата тука е битна за создавањето на една поинаква бизнис клима, ако политичката и безбедносната стабилизација ни е константа, ако сите работиме на економскиот просперитет на Република Македонија и понатаму не бледнее оптимизмот на претседателот на Владата, членовите на Владата дека имаме реални шанси да ја поправиме економската состојба во нашата држава. Со конкретни проекти тоа ќе го докажеме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Господине Караџоски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање?

**Жарко Караџоски:** Господине премиеру ВМРО-Народна партија навистина има трпение во секој случај кога вака може да ве ислуша, во пет или десет минути да ја кажете целата политика. При тоа, бидете сигурни дека тоа трпение постепено ќе се губи и дека за една ваква комплексна материја не може да се каже во пет или десет минути.

Јас би сакал, тоа што го подготвувате на седница на Владата, како отчет за 100-те дена и согласно Деловникот и согласно она што како пратеници ја бираме Владата, да ни биде доставено и нам, на пратениците, со можност да го разгледаме овде на Собранието со една јавна дискусија и со еден отчет, како што и редот.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Збор има претседателот на Владата на Република Македонија, господинот Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам за трпението и разбирањето што го покажува најголемата опозициона партија. Ние ќе возвратиме со поинаков начин на работа и однос на Владата кон Парламентот.

Непишано правило е да ја толерира новата Влада опозицијата или јавноста за 100 дена, но до сега немаше ни непишани правила Владата да навестува што ќе прави. Но, бидејќи ние сакаме да наметнеме поинаков начин на работа, не сакаме тоа да биде злоупотребено дека е дел од кампањата за локалните избори, ќе почекаме да поминат изборите на 10 април, што верувам дека ќе биде крај на локалните избори и ние ќе побараме посебна владина седница, посебна собраниска седница на која ќе ја промовираме економската политика на Владата. Акциониот план што ние ќе го превземеме ќе биде многу полесно за јавноста да ја вреднува успешноста или неуспешноста на Владата. За тоа се подготвуваме, па затоа денеска имаме посебна владина седница.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе.

Објавувам пауза од еден час.

Продолжуваме точно во 15,00 часот.

(седница прекина со работа поради пауза во 14,04 часот)

**Слободан Најдовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Молам, седнете на своите места.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги, почитувани министри на Владата на Република Македонија, ќе поставам три прашања.

Првото прашање сакам да го упатам до министерот за економија.

Пред неколку месеци поставив прашање поттикнат од прашањето на граѓаните од околината на економската зона Бунарџик кои прашуваа што е со економската зона и пасиштата. Пред некој ден прочитав дека кравите пасат, граѓаните задоволни, меѓутоа, моето прашање се однесува на следното:

Дали и кога Министерството за економија или одговорниот во делот на тој ресор има намера да го раскине договорот што Владата го склучи со Велшаните кои и покрај времето што истече немаат намера да ги исполнат условите, туку бараат земјата да им се даде бесплатно, да ја купат или да им се подари или доколку тоа не се случи да им се вратат 50-те илјади евра што ги платиле.

Дали согласно законската регулатива Владата може и мора да го раскине тој договор и на истите да им го покаже патот да се вратат таму од каде дошле, бидејќи сметам дека нивното однесување не само што нанесе голема штета на економски план на Република Македонија, туку и на начинот на кој се комуницира со Владата, не ги почитуваат Владата и Република Македонија.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи, а се однесува од сверата на безбедноста во сообраќајот.

Деновиве сум сведок, а и сите сме сведоци на очигледна недисциплина во делот на безбедноста во сообраќајот. Наиме, што се случува? Масовно поминување пред Собранието на возила на црвено, газење на пешаци на пешачки премин како да е спорт или национална дисциплина. Во режимот на еднонасочни улици во Карпош 4 и Карпош 3 како и во другите делови на градот Скопје масовно непочитување на режимот на движење така што возилата што возат во спротивна насока возат обично побрзо за да побрзо поминат, инаку таму има школи и градинки.

Дали и кога Министерството за внатрешни работи планира пообемна акција и тие несовесни возачи да се казнат.

Третото прашање е до министерот за екологија господинот Шапуриќ.

Деновиве имав средба со граѓаните од Месната заедница Хром, тие се пожалија дека во Купром повторно се топат метали, иако таа фабрика е затворена, има забрана за дејност.

Дали можам да добијам одговор?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Првото прашање беше до министерот за економија, но претставник од Министерството немаме, ќе добиете писмен одговор на поставеното пратеничко прашање.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи.

Има збор министерот господинот Љубомир Михајловски.

**Љубомир Михајловски:** Дел од полицијата што презема мерки спрема граѓаните кои прават сообраќајни прекршоци презема секојдневни мерки и перманентно поднесуваат пријави. Имаме илјадници пријави не само за овој вид на сообраќаен прекршок туку и за многу други, меѓутоа, господинот пратеник овие што ги забележал прекршоци во сообраќајот продолжуваат и понатаму, но полицијата не може сама со репресивни мерки, сигурно треба и совест кај возачите кои возат во сообраќајот и да се свесни за последиците кои можат да настанат. Значи, имаме многу репресивни мерки на терен, пријави до судови, сепак се работи за една возрасна структура кај граѓаните така што во натамошниот период ќе се преземат мерки.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре. Господине Рахиќ дали сте задоволен со одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Есад Рахиќ:** Јас ќе бидам позадоволен кога полицајците ќе бидат почесто, еве конкретно ќе наведам на улицата “Разловечко востание”, “Никола Русински” и останатите каде што е според режимот еднонасочни улици и сметам дека она што го рече министерот дека во делот на егзекутивата односно во казнувањето на тие престапници треба да бидеме малку пориригорозни, особено што станува збор и за професионални шофери како што се таксисти и возачи на службени автомобили. Верувам во она што го рече министерот резултатот брзо ќе го видиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање е до министерот за екологија, господинот Зоран Шапуриќ. Повелете министре.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам потпретседателе. Во врска со прашањето од господинот Есад Рахиќ јас би кажал дека оваа фабрика “Купром”, со решение на Државниот инспекторат во склопот на Министерството за животна средина и просторно планирање минатата година при крајот на август е затворена и притоа е задолжена да отстрани недостатоци во технологијата на своето производство со цел да не доаѓа до оштетување на животната средина. Оваа фабрика од тогаш не работеше, деновиве има пробна работа при што Инспекторатот постојано врши увид и откако ќе

почнеме со редовна работа секојдневно ќе се мери испуштањето на штетните емисии во атмосферата и Инспекторатот во зависност од тоа и од лабораториските наоди ќе реагира. Во секој случај ние ќе ја следиме состојбата, само укажувам дека се работи за пробна работа и во оној момент кога ќе биде пуштена во редовна работа постојано ќе вршиме мониторинг на работењето на оваа фабрика.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре. Господине Рахиќ дали сте задоволен од одговорот на прашањето.

**Есад Рахиќ:** Делумно сум задоволен, со една молба од граѓаните од Хром и околните населби, бидејќи станува збор за густо населено подрачје, станува збор за фабрика која во своето работење работи со штетни елементи по здравје на граѓаните и почесто да ги вршат проверките на лице место и доколку не можат да се отстранат тие недостатоци граѓаните бараат модел таа фабрика да се дислоцира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Рахиќ.

Следна за поставување пратенички прашања е госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Прво би имала едно прашање до министерот за труд и социјална политика, а прашањето е по барање на членовите на Здружението на инвалидски пензионери од општината Охрид.

Ова здружение има донесено одлука уште од 1998 година со која го овластила Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од секоја месечна пензија на секој пензионер да уплатува на име солидарен фонд по 120 денари на жиро сметка која ја има Здружението на инвалидски пензионери која се води при Охридска банка - Охрид. Меѓутоа, од 1998 година наваму средствата кои се уплаќаат во солидарниот фонд не се враќаат на Здружението на инвалидски пензионери кои ги користат за свои солидарни потреби. Само повремено по 5-6 денари од осигуреник се исплаќаат, а останатите средства континуирано од 1998 година навака ова здружение не ги добива.

За едно вакво неодговорно постапување на Фондот одговорните во здружението се обратиле и до директорот на Фондот за ПИОМ и до вас господине министре со допис ве информирале за ваквата состојба во здружението, меѓутоа, до сега нема разрешница на нивниот проблем.

Исто така тие поднеле тужба до Охридскиот суд и е донесено решение, нивната тужба е уважена и е побарано од Фондот да им се исплатат средствата кои пензионерите ги одвојуваат од својата пензија за солидарен фонд, меѓутоа, до донешен ден сеуште нема разрешница на овој проблем на инвалидскиот пензионери од Охрид.

Затоа тие прашуваат зошто не им се уплаќаат средсвата, каде се закочила работата, каде одат тие средства и зошто не се враќаат на жиро сметката на Здружението на инвалидски пензионери од општината Охрид.

Го молам министерот да ми одговори, а сигурна сум дека е информиран затоа што дописот е упатен и до Министерството.

Друго прашање исто така до министерот за труд и социјална политика. Јас на неколку наврати го поставував истото прашање и некако дојдовме до некоја разрешница, а тоа е за оние пензионери кои ги загубија офитери кои беа пензионирани пред распадот на бившата СФРЈ и кои поради онаа одлука од 1991 година не се вратиле на време во Македонија иако биле пензионери и останаа без своите пензии.

Крајно беше дека со потпишување од страна на Хрватска на ратификување на тој Договор за сукцесија пензиите ќе почнат да им се исплаќаат, барем така вети тогашниот министер. Колку што имам сознание Хрватска во мај ја ратификува таа спогодба, меѓутоа, сеуште нема правна разрешница од онаа “правна рашомонијада” како што ја крстеше тогашниот министер овие луѓе да ги добијат своите пензии кои 12-13 години не ги добиваат, а си оствариле право на пензија.

Третото прашање е до министерот за одбрана. Во Правилникот е предвидено дека на офицерите ќе им се дава закупнина за станови, оние што немаат обезбедено станови. Сега, за онаа категорија офицери кои останаа без станови, а се вратија во нашата Армија, согласно таа спогодба што претходно ја спомнав, во Спогодбата стоеше дека ќе бидат стамбено обезбедени, меѓутоа една група од нив останаа необезбедени. Сега, согласно Правилникот кој сега важи тие добиваат закупнина за стан, меѓутоа, со последното пензионирање, поради реформите во одбраната, една поголема група офицери одат во пензија. Нив ги интересира дали закупнината ќе им престане со пензионирањето или и понатаму ќе добиваат закупнина како што добивале, мислам дека од 1 јануари 2004 година почнаа да добиваат таква закупнина. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Првото прашање е до Министерството за труд и социјална политика.

Има збор министерот господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Госпоѓо Лалчевска од 1998 година, како што спомнавте, па наваму средствата на Здружението на инвалидите од Охрид не се уплаќаат од Фондот за ПИОМ. Сакам да ве информирам дека 1998 година па наваму во Фондот се сменети два, ова е трет директор меѓу кои вашиот

партиски колега Љупчо Мешков. Не знам кој ви дава за право овој директор да гоословувате со квалификатив дека е неодговорен и неодговорно ги уплаќа парите на Здружението на инвалиди во Охрид. Тоа е прво. Значи, ако се неодговорни, тогаш сите тројца се неодговорни, а не само последниот директор.

Второ, таму постои спор меѓу здруженијата на инвалидите и пензионерските здруженија и тие треба да си расчистат, а не директорот на Фондот на ПИОМ да им расчистува. Од друга страна има инвалидски здруженија кои се заедно со Здружението на пензионерите и таа нивна заврзлама практично е невозможно да ја расчисти директорот на Фондот на ПИОМ. Значи, не се работи за негово неодговорно работење има двајца претходни директори, туку се работи за нивни внатрешни пресметки меѓу здруженијата на инвалидите и здруженијата на пензионерите за овие средства кои ги поседуваат. Тие мора да си ги расчистат своите внатрешни меѓусебни односи. Значи, ние како Фонд односно Фондот ги собирал овие пари и ги уплаќал на сметките на кои ќе се договорат. Нема никаков проблем во Фондот на ПИОМ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволна од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Ристана Лалчевска:** Не сум воопшто задоволна од одговорот на министерот, а најмалку од тоа што го извртува моето прашање. Јас господине министре не го нападнав директорот на Фондот ни сегашниот ни поранешниот, туку точно кажав за вакво неодговорно постапување на Фондот на ПИОМ. Не кажав дека директорот е неодговорен или претходните директори се неодговорни. Кажав дека Фондот на ПИОМ од 1998 година наваму не нашол разрешница на овој проблем, а дали се работи за проблем меѓу двете организации на старосни и инвалидски пензионери тука немам коментар, тоа го знаат најдобро сите, меѓутоа, навистина ми е значајно да ми одговорите зошто и покрај постоењето на судско решение сепак парите не им се уплатени на сметката која се води при Охридска банка - Охрид.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Министре, дали ќе одговорите на дополнителното прашање?

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Вие имате пресуда од Основниот суд во Охрид. Пресудата да биде правосилна треба да има пресуда од Апелациониот суд.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Второто прашање е исто до министерот за труд и социјална политика.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** На ова прашање ќе биде одговорено во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, значи ќе се добие писмен одговор.

Третото прашање е за министерот за одбрана и потпретседател на Владата на Република Македонија, господинот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Според законската регулатива усвоена од претходниот Парламент за припадниците на АРМ се применува концептот на службени станови тоа значи стан во кој се престојува додека лицето е на служба во Армијата.

Правени се повеќе анализи дали овој концет одговара, дали е најсоодветно решение за припадниците на АРМ и во рамките на ревизијата на овој концепт треба да се гледа и одговорот на ова прашање. Инаку, тоа не е регулирано само со Правилник, туку правилникот произлегува од законската регулатива која го познава концептот на службен стан. Според тој концепт стан следува додека сте во функција, додека извршувате функции и додека сте во служба на АРМ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Госпоѓо Лалчевска дали сте задоволна од одговорот на прашањето?

**Ристана Лалчевска:** Не, затоа што не добив одговор на прашањето. Јас не го прашав министерот општо за службен стан како го користат офицерите, туку за точно определена категорија на офицери кои не беа станбено обезбедени, а имаа право да добијат службени станови и во последниот Правилник кој го донесе Министерството за нив беше предвидено дека ќе им се дава закупнина за стан затоа што Министерството не може да им обезбеди службен стан. Сега, еден дел од тие офицери одат во пензија и моето прашање беше дали и понатаму ќе им се плаќа закупнина или нема да им се плаќа. Тие лица имаат право на службен стан, но не добија затоа што во Одлуката господине министре точно стоеше дека кога ќе се вратат во Македонија, таа одлука Глигоров-Аџиќ, дека ќе бидат вработени и станбено обезбедени ако до критичната дата се вратат во АРМ. Тие се вратија, меѓутоа станбено не беа обезбедени. Јас прашувам точно за определена категорија лица.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине министре.

**Јован Манасиевски:** Не знам зошто не се разбираме со госпоѓата пратеничка. Оваа категорија

на лица не се некоја специјална категорија на лица, значи за нив се однесуваат истите нормативи. Значи, едната опција е службен стан, а ако државата не може да обезбеди, ние во моментот имаме дефицит од преку 2500 вакви станови тогаш државата плаќа закупнина и тоа се однесува токму на овие лица и службениот стан. Закупнината како алтернатива важи додека лицето е на служба во АРМ, само тогаш и мислам дека одговорот е совршено јасен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам министре.

Позицијата им дава предност на опозицијата два пати едно по друго да постави прашање.

Следен за поставување прашања е господинот Михајло Георгиевски.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Почитувани пратеници, почитувани министри. Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство како и до министерот за внатрешни работи. Но, неодамна од печатените медиуми бевме информирани за ревизијата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство извршена од државниот ревизор на Република Македонија. При ревизијата е утврдено дека парите од Буџетот на Република Македонија се потрошени недомаќински, за паушали, превоз на државен трошок, трошоци во ресторани, хотели, за мобилни телефони и компјутррска опрема, за што се потрошени околу 30 илјади евра или поточно 1.830.000 денари.

Додека состојбата на земјоделците е крајно мизерна и тие живеат на работ на егзистенцијата соочувајќи се со низа проблеми при нивната работа поради немање на соодветна механизација и доволно финансиски средства за обавување на нивните активности дознаваме дека Министерството сите средства ги користи за закупирање на сопствените вработени. Моето прашање гласи:

Дали сте запознаени со ваквото трошење на буџетските средства и дали можете да го демантирате ова и какви мерки ќе бидат преземени према одговорните лица.

Второто прашање е до министерот за одбрана, министерот за правда и министерот за внатрешни работи. Пред извесно време во печатените медиуми се појави информација за тн., “храбар и тантеловски чин” на господинот Суфки Јакупи, заменик министер за правда, кој веројатно мешајќи го својот ресор со ресорот за внатрешни работи ја изврши неговата задача вадејќи ги недржавните партиски знамиња на ДПА, за што сведочат селаните од гостиварското село Чајле. Наместо на нивно место да се постават државни знамиња партиските знамиња на ДПА биле таму заменети со знамињата од партијата и чиј член е господинот Јакупи, ДУИ. За да ја изврши оваа задача господинот Јакупи го добил службениот автомобил на својот колега, заменик министер за одбрана Талат Џафери. Освен што службените воени возила се користени во разни цели за изборни кампањи за нормално се смета и нивното уништување, па настраданите Пасати, Сузуки Марути, за кои беше вклучувано во медиумите сигурно беа правени од парите на граѓаните.

Моето прашање гласи: Што е преземено за спречување на ова партиско користење на службените автомобили и трошење на државното гориво од сефот на македонскиот даночен обврзник и што е преземено за негово санкционирање во вид на казнени мерки.

Третото прашање е: до министерот за култура. Во 2002 поради нестручност и невнимание беше уништена стражарницата на Камениот мост во Скопје. Со тоа во значителна мера се оштетени еден од највредниоте споменици на културата во Скопје па и во државата. Врз основа на Законот за заштита на спомениците ова прашање не спаѓа само во надлежност на градот туку и на државата на Република Македонија. Камениот мост е симбол на главниот град на Македонија. Тоа е споменик на културата од прва категорија и претставува грижа за цела Македонија. На 31-та седница на Собранието на Република Македонија на 28 јули 2003 година поставив прашање до надлежното министерство за култура која гласи: Дали ќе биде реставрирана стражарницата на Камениот мост што е главен белег на мостот. Поради неприсуството на министерот за култура прашањето беше одговорено од страна на заменик премиерот на Владата на Република Македонија господинот Петр Гошев. Неговиот одговор гласеше: Нема потреба да кажувам дека тоа ќе се обнови. Ќе се обнови сигурно, и нема дилема во врска со тоа прашање. Еве дури после три години од рушењето на стражарската кукла и две години од ветувањето на Владата за реконструирање на истата не се преземени никакви мерки. До Владата уште еднаш ќе го поставам истото прашање. Дали планираните и ако планирате кога ќе ја реконструирате стражарницата на Камениот мост тоа е главен белег на градот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Михајловски, првото прашање е до Министерството за земјоделие, има збор заменик министерот за земјоделие господинот Санде Џамбазовски. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Ние пажливо го читавме извештајот на државниот ревизор морам овде да кажам дека има во тој извештај многу нелогичности, многу искажани неточни работи и писмено дадовме објаснување, односно до државниот ревизор, со оглед дека се работи за поширок извештај тешко е во пратеничко прашање го целото тоа образложам и да го објаснам, јас би замолил додека се согласи пратеникот тоа писмено да го дадеме одговор бидејќи се работи за голем извештај за многу бројки, ставки и така натаму, не верувам дека би имало толку време да можам тоа усно да го образложам.

**Слободан Најдовски:** Значи ли тоа дека ќе дадете и писмен одговор.

**Санде Џамбазовски:** Дека не е единствено не е, но ќе дадеме поконкртно како што беше барано во прашањето, но по писмен пат.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до министерствата за одбрана за правда и за внатрешни работи.

Има збор заменикот министер за одбрана, господинот Талат Џафери.

**Талат Џафери:** Благодарам господине потпретседателе, Во однос на прашањето што го пиокрена пратененикот Михајло Георгиевски овде ќе кажам едно и единствено.

Се користи акцидент кој што по сите прописи на министри и заменици министри им следува моторно возило 24 часа и еден акцидент кој што е и реално можен, имајќи предвид дека сме нонстоп на задача да се направи од тоа дека се искршени и двете возила, што не е точно, но во акцидентот е оштетен џипот Сузуки Витара, со таблички СК 401 , кој што е на поправка, за кој што постои записник од Министерството за внатрешни работи, за кој што постои и друга документација, а не е точно дека другото возило исто така е искршено, како што сакаат да го нагласат, меѓутоа во предизборната кампања која ја искористија и настојуваат да ја користат, тоа е дел од сето тоа што го правеа првенствено ДПА. Ќе сака поконкретно некој од нив тоа да го постави како прашање, меѓутоа имајќи предвид дека ги пренесуваат како што ги пренесуваат работите единствена вистина е дека во акцидентот е оштетен џипот. Постои документација, тоа ќе се приложи, има комисија во Министерството за одбрана и со цел да не се влијае врз работата на Комисијата во Министерството за одбрана беше формирана комисија да ги разгледа сите околности. Ќе оставиме извештајот да дојде и во писмена форма, во вид на дополнителен одговор на ова прашање ќе се достави и заклучокот на Комисијата.

**Слободан Најдовски:** Значи, заменикот министер за одбрана покрај образложението рече дека и писмено ќе одговори на прашањето.

Третото прашање беше доставено до министерот за култура.

Има збор министерот за култура господинот Благоја Стефановски.

**Благоја Стефановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуваниот пратеник Михајло Георгиевски постави едно прашање кое што долго време го интересира и Министерството за култура, сигурно дека преку моите специјални служби конкретно за овој случај работи Градскиот завод за заштита на спомениците на културата, кој што деновиве ќе се т рансформира во конзерваторски центри, а и во неколку мои разговори со министерот за култура на Република Турција и со Амбасадорот на Република Турција во Република Македонија разговаравме и сигурно работиме на тој случај.

Позначајно е тоа што експерти од УНЕСКО кои работеа на реставрација на мостот во Мостар се вклучени во оваа работа и ние сакаме на најдобар начин, бидејќи тоа не е некоја градежна форма за која можеме да кажеме ќе биде изведена за толку и толку време, само да го вратиме во првобитната состојба и тоа да се направи на соодветен начин.

Од таа гледна точка не би сакал да кажам дека роковите се такви и такви, меѓутоа дека се работи на тој случај и дека тоа ќе биде направено во соработка, дури и финансиска помош има и од Република Труција за таа работа, значи сакам да кажам дека одговорно работиме и ќе биде вратена на онаков начин како заслужува во неговата фамилија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот на поставеното прашање.

Има збор господинот Михајло Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Можам да кажам дека сум задоволен бидејќи министерот рече дека се води грижа, дека се размислува, дека се обезбедуваат средства, меѓутоа премногу споро тоа оди. Ако може некако да се забрза, работата да се заврши побрзо. Во таа смисла мислам дека треба да бидат активностите.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски

За поставување на пратеничко прашање се јави госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас имам три прашања.

Првото е до министерот за образование, но бидејќи тој е отсутен до заменикот на министерот.

Во изминатиот период бевме сведоци на незадоволството на средношколците и нивното реагирање на последните измени на Законот за образование. Имено, воведувањето на измените , за некои од матурантите се оштетени бидејќи се нудени да полатаат и матурски испит и приемен испит за многу кратко време. Ова особено од аспект на тоа дека само две генерации на матуранти ќе ги полагаат двата испита, а со стапување на сила на новиот закон од 2007 година матурантите ќе полагаат само матурски испит. Не гледам причина како прво зошто некои генерации би биле бенифицирани, некои оштетени, не ги слушнавме и оправдувањата на заменикот на министерот, господинот Тале Герамитчиоски дека министерството не може да влијае врз установи кои се самостојни, како универзитетите, меѓутоа, според моите познавања сметам дека приемните испити се уредени и се спроведувани од страна на универзитетите, додека матурските испити се уредени од страна на средношколските установи, а како такви установи за средно образование спаѓаат и се дел од државното образование. Мислам дека

Министерството за образование има и треба и треба да влијае на спроведување на матурските испити.

Конкретното прашање е како министерството за образование мисли да го реши овој проблем и да се создадат услови сите генерации да полагаат по еден испит. Или тоа да биде прием испит, или да биде матурски испит.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија.

Пред малку имавме еден одговор од премиерот во кој рече дека ќе се даде отчет за стоте дена од изборот на трета влада, чиј претседател е господинот Бучковски, па имајќи предвид дека имавме локални избори, во меѓувреме некаде сеуште трајат локалните избори, во медиумите никаде не видовме ништо друго освен да се пишува за локалните избори. Не успеавме да видиме каква е состојбата со економијата преокупирани од локалните избори. Сакам да ги знам сите релевантни податоци кои се однесуваат на првите два месеци од оваа фискална година со сите параметри за утврдување на економската состојба во Република Македонија споредени со првите два месеци од претходната фискална година, како што се трговскиот дефицит, индустриското производство, бруто домашниот производ и Владата знае кои се други параметри се однесуваат на економијата, како и оценка на Владата каде се наоѓа економијата на Република Македонија рангирана согласно меѓународните институции.

Третото прашање го упатувам исто така до Владата на Република Македонија , најверојатно ќе биде за вицепремиерот.

Оценките за првиот и за вториот изборен круг на локалните избори во Република Македонија кои доаѓаат од меѓународните институции, кои непосредно го следеа спроведувањето на овие избори укажуваат на фактот дека во Република Македонија сеуште не се созреани условите да се спроведат фер и демократски избори, за што одговорноста апсолутно ја има постојната власт. Ако ваквите лоши сигнали доаѓаат за локалните избори, арно ама и не само за локалните избори, туку и за сите други области од европските институции а ние сакаме до крајот на 2006 година да се стекнеме со статус земја кандидат за влез во ЕУ ме интересира дали Владата сериозно ги сфаќа сите овие забелешки кои доаѓаат од меѓународните институции и кои одат на нејзина адреса, како и дали Владата има стратегија има план, односно концепт доколку Република Македонија до крајот на 2006 година не се стекне со статусот на земја кандидат за членство во ЕУ, значи што размислува Владата и дали воопшто размислува што ќе се случи доколку Република Македонија не се стекне со овој статус. Тоа се трите прашања. Благодарам,

**Слободан Најдовски:** Благодарам, госпоѓо Којзеклиска.

Првото прашање е упатено до Министерството за образование и наука. На прашањето ќе одговори господинот Тале Герамитчиоски, заменик на министерот за образование и наука.

Повелете господине.

**Тале Герамитчиевски:** За волја на вистината приемен испит има само на универзитетот Св. Кирил и Методиј кој што е најголем универзитет. Според објаснувањата на средношколците кое на последната средба беше дадена, како и во повеќе други наврати, беше дадено детално образложение за причините зошто се воведува матурата. Еве и за јавноста и за вас госпоѓо пратеник ќе ви објаснам дека приемниот испит Универзитетот го воведе затоа што немаат верба во постојните механизми на оценување на учениците во средното образование. Од тие причини потребно е да се воведе унифициран механизам кој ќе ги идентификува знаењата на учениците. Од тие причини постои институцијата матура, која кај нас е воведена во учебната 2006 - 2007 година, според законските решенија.

Во 2004 - 2005 година, значи тековната генерација за која што станува збор што мора да полага ученичка матура која што е различна од новиот концепт бидејќи интерно се спроведува од страна на училиштето, со интерни прашања подготвени од професорите кои што ја држеле наставата и спроведувале наставата во текот на учебната година. Значи, училишната матура која што сега ќе ја полагаат учениците, постоеше и во старото законско решение, и во стариот правилник за полагање на училишна матура. Во ниеден акт, законски, пишан документ не пишува дека одличните у ченици треба да бидат ослободени од матура. Со сите контакти на странските експерти кои што подолго време се вкучени во овој проект, како што е реномираната Титов-Холандија. Со чудење прашуваа како може најрепрезентативната група на која што се штелуваат сите инструменти за квалитативно оценување на воспитно образованиот процес да биде изземена на процесот на полагање на матура. Не постои такво ништо во ниедна европска земја.

Понатаму, учениците го поставуваа истото ова прашање кое што вие сега го поставивте во рок од 10-15 дена да полагаат и приемен испит и училишна матура, кое што пак дополнително ќе ги оптовари.

Универзитетот Св. Кирил и Методиј сега е спремен да го укине приемниот испит но да учествува во подготвувањето на прашањата за училишната матура, што од друга страна го нарушува принципот на училишна интерна матура бидејќи имате екстермни прашања, за кои што не се спремни во овој момент да го прифатат тоа решение, а уште повеќе ниту ние пак технички не сме спремни за оваа учебна година тоа да го спроведеме, бидејќи опремата која што е нарачана и тендерската постапка трае, ќе треба да пристигне до крајот на оваа година.

**Тале Герамитџиоски: (Продолжение)**

И припремите за 2006 - 2007 година, според сите оние процедури, кои што сите земји го вовеле овој

инструмент, течат нормално во онаа процедура која што сите ја спровеле. Станува збор за една контрадикторност, која што во овој момент не можеме да ја надминеме на општо задоволство на сите. Учениците бараат да не полагаат училишна матура одличните ученици, но тоа по сите законски решенија едноставно, не е набележано. Ние не смееме да го кршиме законот да не го спроведуваме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитџиоски.

Госпоѓо Којзеклиска далис те задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Јас искрено господине замениче не можам да разберам што е целта на интерната училишна матура. И сами рековте дека е контрадикторно ова решение, меѓутоа, што е целта на таа интерна училишна матура, што е целта на приемниот испит и разликата. Ни на мене, а верувам и на идните студенти дека ќе им биде јасно. Останува значи тие да полагаат матура и приемен испит, така да од вашиот одговор не сум задоволна, од аспект дека ние еднаш за секогаш, јас знам дека ние треба да ги воведеме европските стандарди, меѓутоа, да престанеме барем со школството да експерементираме.

За ваша информација првите приемни испити на Универзитетот “ Кирил и Методиј” се востановени 1983 година. меѓутоа, тогаш беа востановени за да не бидат огромниот број на продуцирање на кадри од областа на општествените науки. Значи и тогаш не го псотигна ефектот приемниот испит. Не верувам и денеска. Значи мојот апел е да престанеме барем со образованието да експериментираме. Дополнителното прашање во тој дел би се однесувало, ако има нешто заменикот минситер како дополнување да каже во ред, ако не, останува тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор заменикот минситер за образование, господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитџиоски:** Почитувана госпоѓо ова не е експериментирање. Ова е процедура, процес кој што го поминале најголемиот дел на европски земји, кои што успеале да го внесат овој инструмент. Само за ваша информација ова е тежок процес, за кој што треба многу внимателна припрема и опсежни подготовки, за да не се случи она што вие го инсинуирате. Само за пример во Бугарија иако беа на добар пат да ги воведат овие реформи, и покрај тоа што примија огромна сума на пари, за да се спроведат сите инстументи за државната матура,не се спроведе истото, па така мораа да го враќаат кредиот, без да го спроведат овој процес. Кај нас во Република Македонија постојат од рецидивите од претходниот систем одредени слабости, кои што настојуваме ние да ги надминеме. Меѓу другото, јас и таму го спомнав тоа. За да не се случи, како што самите потенциравте, во општествените науки да има зголемен интерес, за тоа е воведена и училишната матура, која што сега постои како еден инструмент за насочување на идните студенти за припрема во оние области кои што ќе студираат понатаму.

Во другите европски земји, не постои можност во средното образование да учеле машинска или електротехничка струка, а потоа да се пријавуваат да студираат на медицински науки. Кај нас тоа до пред извесно време беше овозможено, заради широката дисперзија на можностите.

Од тие причини, се воведуваат ваквите механизми. За да се направи еден контролен механизам на вработување и подигање на квалитетот, но и квалифицирање на самиот процес. Ќе се оценува и наставниот кадар и учениците на целата територија на Република Македонија подеднакво.

Која е причината за постоење на училишната матура? Причините се добро познати, бидејки постојат значајни слабости во постојниот систем на оценување на учениците. Таа претставува колку толку некое преодно решение, како еден инструмент за оценување на квалитетот на спроведување на наставата и оценувањето во секое училиште посебно.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Герамитчиоски. Второто прашање е до Владата на кое ќе одговори во име на Владата господинот Никола Поповски, министер за финансии. Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам. Прашањето беше за економските движења во последните два месеца. Ќе дадам еден краток одговор, а потоа ќе го образложам. Економските движења во првите два месеци се дури и подобри од проектираните со макроекономската политика на Владата.

Пред да ги дадам податоците би сакал да дадам уште еден податок. Наспроти целиот скептицизам и недоверба која постоеше и во Парламентот и во јавноста и пошироко, за тоа какви се економските движења и во која насока се движи Македонија, можам веќе да соопштам дека податоците за бруто домашниот производ, односно економскиот раст во минатата година се позитивни и тие изнесуваа 2,9%, наспроти сите тврдења дека ќе биде рецесиона година. Се разбира дека Владата сеуште не е задоволна од таквиот раст и ќе инсистираме во оваа година со мерките на политиката да стигнеме и до 4% годишен раст, меѓутоа, евидентно е дека во овие две поседователни години имаме раст на бруто домашниот производ од 3%, што во нашата кратка историја е практично ретка појава, затоа што постојано имаме надолни движења, а во една година имаме позитивни. Тоа укажува дека вкупните економски движења се одвиваат во добра насока. Тоа е тренд во 2004 година, а продолжува сега и во 2005 година. Конкретните рпашања што беа поставени од госпоѓата Којзеклиска се следниве: дека растот во првите два месеца продолжува. Се разбира дека растот на БДП ќе го имаме, откако ќе

заврши кварталот  на трите месеци, затоа што квартално се пресметува со индустриското производство за два месеца што го имаме, и тоа расте за 7,8%, што е над проектираното со нашата политика и го цениме за исклучително важно. Со оглед на големото учество со над 20% во бруто домашниот производ, ако индустријата расте со над 7% како што е ова, тогаш е сосема евидентно, имајки ги предвид и другите податоци, кои постојат само за јануари, да речеме трговијата, градежништвото и други кои се над 5 или 6%, јасно е дека ќе имаме многу значителен раст во годинава која тековно се одвива. Тоа се одвива во услови кога мерено преку порастот на трошоците на живот и инфлацијата во првите два месеци варира преку 0,5 и 1% и во рамки на проектирањето мислам дека е тоа добро за Македонија.

Интересен е податокот дека во Македонија веќе 14 месеци, тоа е некаде од јануари 2004 година до дене денешен со податок од 1 март, се разбира, последен, бројот на невработените не се зголемува. И тоа е исто еден сериозен индикатор дека економијата се движи во насока на заживување, затоа што Македонија, не само изминатите 15 години, туку и изминатите 50 години, почнувајки од 50-та година до ден денес секоја наредна година има поголем број на невработени од претходната, без исклучок. 2004 и првите два месеци од 2005 година, тој број е стагнантен. Имаме врз основа на тоа сосема извесни очекувања, бројот на невработените во текот на 2005 година да не се зголемува, па дури очекуваме заради некои процеси кои веќе започнаа благо и да почне да се намалува. Тоа нема да го реши проблемот, меѓутоа, е евидентно дека во текот на 2004 и 2005 година растот на бројот на невработени ќе биде исклучително целосно запрен, па дури и намалуван.

Фискалните приходи за првите два месеца беше прашано, со оглед дека денеска е 31 март, а ние во Министерството за финансии ги имаме дневно приходите и расходите, можам да ве известам дека приходите во првите три месеци се во рамки на проектираните со Буџетот, без никакви отстапувања во кварталот. Имаше еден интересен економски циклус во текот на јануари и февруари. Во јануари имавме значително повисоки приходи од околу половина милијарда денари во февруари за толку помали. Меѓутоа, тоа се циклични движења во текот на годината и до крајот на годината ќе видиме како ќе продолжи трендот. Важно е за првите три месеци изворните приходи се толкави колку се предвидени со проекцијата на Буџетот за 2005 година.

Беше прашано и за трговскиот дефицит. Имаме резултати само за месец јануари, затоа што извознит еи увозните декларации се обработуваат поспоро и тоа е природно, ќе ги имаме во рок од две недели и за февруари, претпоставувам. Дефицитот во јануари е значително низок, меѓутоа, тоа не значи дека Ќе остане таков. Ќе видиме како ќе се движи. Значително е низок затоа што е цензониран податок, декември е секогаш висок, а особено овој декември беше превисок во однос на другите заради најави за воведување на акцизи на автомобили и други податоци и други причини. Имавме исклучително висок дефицит во декември. Сега веќе во 2005 на годишно ниво пресметан јануарскиот е некаде околу 600 милиони долари. Или само во јануари некаде 50-тина милијони долари, што е исклучително низок дефицит. Ние би сакале тој да остане, меѓутоа, јас како министер за финансии сметам дека тој трговски дефицит е сезонски податок и дека во текот на наредните месеци ќе се дојде во рамки на проектираното со макро економската  политик, што беше проектирана во Владата.

Врз основ ана овие 5-6 податоци, можеме да тврдиме дека резултатите во првите два месец се позитивни, поволни и се одвиваат во позитивна насока.

Како поткрепа на сето ова и со тоа Ќе завршам е фактот дека во последнава 2004 година, имавме посебно во последните 6 месеци исклучително високо ниво на странски инвестиции во Македонија. Тие за прв пат во историјата, со исклучок на годината кога се продаде “Телеком”, зашто тој сам влијаеше на доходно ниво, иако го исклучиме како ефект имавме 1501 милијон диреkни странски инвестиции во 2004 година, што е исклучително високо ниво за ситуацијата која ја имаме во Македонија. Тие податоци ќе ги добиваме по споро, со неколку месечно задоволување. Очекувам во 2005 година, тие да бидат еден од генераторите и на ставката на раст и на апсорција на бројот на невработените.

Затоа госпоѓо Којзеклиска тие податоци јас како министер и Владата како Влада ги оценуваме за исклучително поволни и позитивни во првите два месеци и очекуваме да се остварат сите макроекономски проекти кои беа зацртани и тоа на минимално ниво од зацртаните, а можно е и повисоко. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре. Госпоѓо Којзеклиска, дали сте задоволни од одговорот на прашањето.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклсика.

**Марија Којзеклиска:** Јас од искажувањето на министерот гледам дека е задоволен од движењето на економијата во Република Македонија, но јас не сум задоволна од одговорот на прашањето, затоа што она што го кажа министерот за растот 7,8%, стагнацијата на вработувањето нема пораст, дирекни странски инвестиции 151 милијон долари, не кореспондираат со фактичката состојба. Јас се надевам дека отчетот кој го вети премиерот Бучковски, ќе имаме паралела на она што се вети од оваа говорница и што ќе се стори и што се сторило во економскиот дел од оваа власт.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска. Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Секој од нас има право на свој начин да толкува одредени резултати. Дали се тие задоволителни или не, меѓутоа, не можам да се согласам со констатацијата дека тие не кореспондираат со стварноста. Тие се вистински. Податоците дека имаме раст во 2004, не можат да не кореспондираат, затоа што е статистички податок. Дека бројот на невработени не може да се зголемува, не може да не кореспонида, зашто е статистички податок и растот во првите два месеци. Дали се тие доволни или не се, дали некој цени дека се помалку отколку што треба, е сопствена политичка процена на секој од нас и така и функционираме во Парламентот. Меѓутоа, морам да соопштам дека изјавата дека не кореспонидаат со стварноста, не можам да прифатам, затоа што податоците и текако кореспонидаат со стварноста и тоа во буквална смисла, математички кореспондираат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодам господине министре. Следното прашање е до Владата. Ќе одговори госпоѓица Радмила Шекеринска, потпретседател на Владата на Република Македонија.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам господине потпретседателе, господа пратеници, прашањето на госпоѓа Којзеклиска беше дали Владата предвидува стратегија доколку Република Македонија во 2006 година не го добие статусот на кандидат. Јас сакам овдека најодговорно да изјавам дека Владата има стратегија, меѓутоа, како да добие статус на кандидат за членка во Европската унија и дека на тоа работи сериозно и одговорно и дека фактот што дојдовме практично на чекор до добивање на статус на кандидат говори дека стратегијата која што сме ја имале во последниве речиси три години функционира. Неслучајно беше на средбата, токму на мешовитиот парламентарен комитет со пратениците од Европскиот парламент што беше спомнато дека Македонија во овој период направиле, цитирам, импресивен напредок. Не беше случајно што вашите колеги пратеници изјавија дека очекуваат Европската комисија да го даде своето мислење за апликација што е можно поскоро и дека добивањето на статусот земја кандидат во декември 2005 година би било охрабрувачки земјата да постигне натамошни резултати во процесот на реформите и така натака. Се разбира дека начинот на кој што се реализираат и се изведуваат локалните избори е еден од тестовите кои Македонија мора да го положи за да добие таков статус на кандидат.

Јас би сакала да ја почитувам нашата јавно изразена волја на почетокот на оваа парламентарна седница, да не ја злоупотребуваме говорницата и микрофонот за промовирање на политика, пред се насочена кон локалните избори, кои што сеуште се во тек. Меѓутоа, бидејки прашањето кое што ми беше упатено се однесува токму на локалните избори, кои што се во тек, јас не можам да не го одговорам.

Ние се разбира дека со внимание и со загриженост ги следевме некои од квалификациите и критиките кои што беа упатени од страна на странските набљудувачи. Факт е дека ова што е напишано треба да биде бела книга, затоа што Македонија мора да го поправи своето однесување. Меѓутоа, ако забележите во последниот Извештај, барем оној што се однесува на вториот круг, ќе видите дека позитивни оценки се дадени на две институции, за кои што е одговорна Владата. Прво Министерството за правда во делот на подготовка на изборите, регистрација на гласачите и т.н. и второ, се поздравува акцијата на Министерството за внатрешни работи која што започна кривични постапки против оние кои биле вклучени во некои од изборните нерегуларности. Најголемите критики во овој Извештај се упатуваат на самата изборна администрација и изборна структура, односно органи кои ги спроведуваат изборите. Во кои да ве потсетам, подеднакво учество има власта и опозицијата. Има одредена критика и на изборното законодавство кое исто така и власта и опозицијата заедно го усогласија во претходниот мандат на Владата на Република Македонија.

Според мене, целата дискусија овие денови ја водиме наопачки. Наместо и опозицијата да биде со право загрижена за овие критики кои што се упатуваат, меѓутоа, да истакне многу јасно и јавно дека најголемиот дел од изборите во државата и во општините беа спроведени согласно законите и демократските стандарди, ние денеска сме бомбардирани со изјави за нерегуларности.

Министерството за внатрешни работи покрена кривични пријави и тие треба да се процесираат. После изборите треба да се одговори на барањата да се измени изборното законодавство. Меѓутоа, за да се измени изборното законодавство, ние мора да имем прво дијалог, а потоа консензус помеѓу власта и опозицијата. Значи најлесно е да се покаже со прст на другиот. Меѓутоа, најтешко е да се пресмета и сопствената одговорнсот на сето тоа.

Според мене, ваков тип на дебата, ваков тип на прашања ги амнестира оние кои што учествуваа во вакви изборни нерегуларности и ја претставува Македонија во лошо светло. Меѓутоа ќе се вратам на почетокот на мојот одговор. Имаме стратегија како Македонија да стане кандидат. Ја повикуваме опозицијата да се приклучи на таа стратегија и декларативно и практички да ја подржи. Целта на Македонија не е да се справува со последиците, туку да стане земја кандидат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Шеќеринска.

Госпоѓо Марија Којзеклиска, дали сте задоволна од одговорот на прашањето, или имате некое дополнително прашање?

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Не сум задоволна од одговорот на прашањето. Прво, ќе укажам на госпоѓица Шеќеринска дека прашањето не се однесуваше и не

претставува изборен митинг. Јас реков еден од оние забелешки, една од забелешките се и локалните избори, меѓутоа ги спомнав и другите области, тоа не сте го очигледно слушнале кога го кажав. Значи тука се однесува и на корумптивното судство и на сите останати области. Значи не се однесува само на локалните избори. Не сакам да бидам сватена погрешно. Ова го укажувам од причини што извештаите на Меѓународната кризна грпа, извештаите на Стејт де партментот укажуваат на голем број на реформи кои Република Македонија треба да ги спроведе, за да стекне својство земја кандидат за членство во Европската Унија. Ги имаме примерите од нашето најблиско соседство и земјите кандидатки Хрватска, со одлагање на изборот за влезот во Европската Унија, Романија и Бугарија. Забелешките кои доаѓаат од Европската Унија во однос на неспроведени реформи во одредени области. Прашањето не е тенденциозно, прашањето е токму во текст на она што е надлежност на вицепремиерката план Б, доколку, сите сакаме да биде нели, остварен планот А, Македонија да се стекне со статус, меѓутоа, ние мораме да имаме и план Б.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Госпоѓица Радмила Шеќеринска, потпретседател на Владата на Република Македонија.
Повелете госпоѓице Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам. Јас навистина се извинувам, не ги слушнав другите теми или другите области за кои што беше побарано одредена информација или консултации, да точно е дека ние имаме уште две дополнителни главни теми на кој што ќе се крши мислењето на Европската комисија. Едно од нив е чувството, другото е децентализацијата. Значи Нне само локалните избори, туку и начинот на трансферот на надлежности од централна на државна власт. И главниот акцент на Владата, програмата за работа на Владата, всушност се фокусира на овие две теми. Триесет и два закона, оние кои што ја дефинираат децентрализацијата веќе беа усвоени.

Во делот на судството, вие знаете како Собрание дека еден дел од судските процедури веќе беа менувани со цел да се зголеми ефикасноста. Свесни сте дека наскоро пред Парламентот ќе бидат образложени иницијативите за измена на Уставот чија цел ќе биде, пред се, да се растовари судството од непотребните предмети, а од друга страна да се зголеми неговата независност.

Јас сум убедена дека доколку овие три работи ги завршиме онака како што сме пишале дека ќе ги завршиме дури не поамбициозно, така како што сме ветиле дека ќе ги направиме, дека ние ќе ги видиме резултатите на планот А. Она што мислам дека е најважно Собранието да го издискутира е дека за било која од овие реформи особено судските, особено уставните реформи, нам ни треба поддршка од опозицијата. Мислам дека постои клима, постоеше клима и на сегашниот состанок со европските парламентарци, постои клима да се надминат дури и ситните разлики за да се сконцентрираме на крупните цели. Ако тоа го направиме ве уверувам дека планот А ќе ни биде актуелниот план во Република Македонија.

Се разбира дека на патот до Европската Унија постојано ќе имаме условеност. Во моментот кога, здравје боже, ќе добиеме позитивно мислење ќе имаме уште 4-5 други работи кои ќе мора да ги завршиме. Македонија, за разлика од Хрватска, некои од тие проблеми ги немаше, меѓутоа, точно е заради не соработка со Хашкиот трибунал Хрватска го изгуби договорениот статус така што таа политика на условеност ќе продолжи и понатаму и ќе треба да бидеме многу внимателни секој испуштен рок се испуштени неколку месеци минимум ако не и години за нашата стратешка цел. Немаме алтернатива на овој пат, прашање не е дали ќе стане Македонија членка на Унијата, туку кога. Секое доцнење ќе не чини скапо и како Влада, меѓутоа и како држава. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓице Шеќеринска.

Следен за поставување пратенички прашања е господинот Марјан Ѓорчев.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Две прашања се до Владата, едно прашање е до Министерството за надворешни работи.

Првото прашање до Владата е, бројките се факт кои мора да се респектираат и според Заводот за статистика на Република Македонија минатата година се постигна рекорден трговски дефицит на Република Македонија во размената со странство од 1.230.000,000 негативно салдо што укажува на тоа дека не само од тековната сметка на билансот за плаќање на Република Македонија, туку веќе и капиталната сметка за плаќање е загрозена и оттука произлегува задолженоста на Република Македонија со нови над 400.000.000 долари во овие две години за 2003 и 2004 година.

Дали Владата размислува во тој контекст како ќе застане на патот на спречување на огромниот трговски дефицит кој ја премина бројката од една милијарда долари и на каков начин ќе го спречи натамошното ново задолжување на Република Македонија и на тековната и на капиталната сметка во билансот на плаќање на Република Македонија.

Второто прашање е исто така до Владата во врска со работењето на рудниците “Злетово” и “Тораница”. Сведоци сме дека светот денеска е свет на индустриска шпијунажа. Македонија нема што да понуди во микро чипови или електронско достигнување, единствено што може да понуди тоа е во делот на металургијата и своите природни ресурси. Две години трае измачувањето во

изнаоѓање стратешки инвеститор за овие многу битни капацитети за Република Македонија од чие работење на прсти можат да се избројат капацитетите во Македонија што работат зависи бруто општествениот производ.

Дали Владата верува дека купувачите на пример на рудниците “Злетово” во некакви си, се осмелувам да кажам “трафалгар ресурси” претставуваат фирми како поштенско сандаче кои имаат за цел да го спречат работењето на рудниците во Република Македонија, успешното работење на Топилницата и на таков начин создавање доход, нова вредност, ново вработување и спречување, како што кажав и кај првото прашање, на негативниот огромен трговски дефицит кој е некоректен. Бројките говорат сами за себе.

Што во таа насока Владата ќе преземе. Дали Владата има намера да разговара со големите европски концерни ДИЛ, КРУП, кои навистина покажаа во изминатите десетина години интерес за Република Македонија и чие вклучување во економската економија ќе значи приклучок на Република Македонија кон големите мултинационални европски компании и тоа ќе значи наше чекорење кон Европа, покрај политичкото, би рекол административното институционално и економско чекорење мора да биде проследено со наши европски контакти.

Третото прашање е до Министерството за надвроешни работи на Република Македонија.

Министерството за надвроешни работи на Република Македонија упорно одбива да го донесе законот за надворешни работи од ноември 2002 година до денеска поминаа две ипол години законот не е донесен, јас незнам од кои причини толку фундаментален закон не се носи, а тој е пресуден за успешно работење на Македонија и претставување на Република Македонија во светот.

Дали во делот на она што претставува повторно економија Министерството за надвроешни работи на Република Македонија презема чекори да го реши проблемот со трговските аташеа на Република Македонија. Македонија е мала земја ние не можеме да имаме воени аташеа и не треба да имаме по светот, но ние како мала економија, како мала земја покрај политичките претставници-амбасадорите треба да имаме и трговски претставници кои ќе се обидат размената на Република Македонија во светот да ја подобрат, да обезбедат колку толку достапни информации во делот на она што претставува економски информации во земјите каде се присутни и што на тој план прави Министерството и околу Законот за надворешни работи и околу назначувањето на трговските аташеа во македонските амбасади.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ѓорчев.

Од присутни заменици министри овде, со оглед на тоа што имавте две прашања до Владата на тие ќе ви одговорат во писмена форма, а и од присутните заменици не е присутен заменик министерот за надворешни работи, тој е на службен пат, а министрите се веќе на седница на Владата.

Значи, и на тоа прашање ќе добиете писмен одговор.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Ѓорге Паљошковски.

**Ѓорге Паљошковски:** Почитуван потпреседателе, моето прво пратеничко прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Последните случувања во струмичкиот регион се само дел од низата аномалии кои водат кон тоа дека до сега нема конкретни резултати од работата на Министерството. Доколку продолжат врнежите не е исклучено да очекуваме повторно поплави.

Моето прашање гласи до заменикот министер што сте презеле конкретно на терен за заштита на земјоделското земјиште и имотите од евентуално наредните поплави во струмичкиот регион.

Второто прашање е исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Би сакал да ве прашам заменик министре имајќи ја во предвид вашата досегашна работа и работата на целото Министерство во однос на распределбата на земјоделското земјиште имајќи ги во предвид јавните поплаки на земјоделските производители ви се обраќам јавно пред целата македонска јавност и пред оние кои се најзасегнати од оваа состојба да дадете одговор на моето следно прашање кое гласи:

Што вие заменик министре сте презеле за последните две недели на барањето на земјоделските производители од општините Свети Николе, Штип и други места од Овчеполскиот регион за прераспределбата на земјоделското земјиште?

Третото прашање е пак до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Сакам пак да го прашам заменикот министер како и на кој начин односно дали законски работат ветеринарните друштва ширум Македонија.

Прашањето го поставувам со цел да увидам дали министерот има увид во нивната работа со оглед на тоа дека нивниот договор за закуп и работа е истечен на 1 јануари 2005 година.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Паљошковски.

На првото пратеничко прашање ќе одговори заменик министерот за земјоделие, господинот Санде Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Познато е дека оваа година имавме поплави не само во струмичко, туку и во Гевгелија, Валандово, Тетово и тн., поради обилните врнежи од дождови.

Владата на Република Македонија има формирано штаб кој треба перманентно да ја следи целата состојба во сите овие региони каде има поплави и тој штаб има направено стратегиски односно

оперативен план кои се мерки ќе ги преземе за да можеме да се заштитиме од евентуално наредните поплави.

Сите оние критични места каде може да се работи со механизација се отстрануваат така што се чека да се излеат до крај водите за да може да влезе механизацијата да работи. Тоа значи дека сите одводни канали посебно Моноспитовското блато и реките од Струмица треба да се регулираат, очекуваме водите да се повлечат за да може да работи механизацијата и тоа ќе се прави постепено, ќе се отстранува прво онаму каде е најризично, па постепено ќе се чистат сите канали кои многу години односно повеќе од 20-30 години не се чистени.

Тоа е одговорот на првото прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Паљошковски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Ѓорге Паљошковски:** Делумно сум задоволен од одговорот на заменик министерот.

**Слободан Најдовски:** Дали имате дополнително прашање?

**Ѓорге Паљошковски:** Немам.

**Слободан Најдовски:** И второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Има збор заменик министерот, господинот Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Што се однесува до прашањето за распределбата на државното земјиште во Свети Николе и Штип со оглед дека бившите комбинати “Овче Поле” и “Црвена звезда” се ликвидирани, остана земјиштето кое тие го обработуваа остана нераспоредено, необработено. Затоа по јавен оглас е поделен еден дел од тоа земјиште. Поради реакцијата на голем број од граѓаните на овие општини ние направивме информација до Владата, Владата го задолжи Министерството да ја преиспита целата постапка во однос на делбата на земјиштето. Министерството формира комисија за таа работа, работи на таа работа и јас очекувам дека наскоро ќе имаме точни резултати од целата постапка дали има одредени неправилности во таа постапка и можеме написмено да дадеме одговор по неколку дена кога ќе имаме конечен резултат од таа работа, ако се согласува пратеникот, се разбира.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Паљошковски дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Ѓорге Паљошковски:** Задоволен сум од одговорот, немам дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** И третото прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство има своја програма за здравствена заштита на животните и средствата во таа програма се предвидени од Буџетот. Во таа програма е предвидено кои активности ги презема државата за заштита од одредени заразни болести кои можат да претставуваат посебен проблем во здравствената состојба на животните.

За реализација на таа програма Министерството ги ангажира ветеринарните станици по општините и нивното ангажирање е по тендер. Значи, тие треба да предложат одредени услови кои ги бара Министерството и врз основа на тендер се одредува кои се тие ветеринарни станици кои треба да ја вршат таа услуга. Времето за тендерот сеуште не е поминато, ќе помине некаде во септември, бидејќи тендерот е распишан во септември, тој трае пет години значи пред пет години е склучен тендерот и сега во септември истекува тендерот. Пред да истече овој тендер ќе распишеме нов тендер за услуга по оваа програма и на тој тендер ќе се јават сите оние кои сакаат да учествуваат на тој тендер и сакаат да ја вршат таа работа која е во програмата.

Прашањето е кој ги контролира овие ветеринарни станици дали правилно и дали квалитетно ја извршуваат. Ветеринарната станица која го има тендерот за одредена работа која треба да ја заврши на одредена територија и за одредени болести прави извештај за извршената работа, а извештајот го потпишува Државен ветеринарен испектор. Тој документ доколку е потпишан и Државниот ветеринарен инспектор потврдува дека таа работа е завршена тој доаѓа во Управата за ветеринарство, Управата за ветеринарство го контролира тој документ повторно и потоа оди во Министерството за плаќање за извршената работа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Паљошковски, дали сте задоволен од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање.

**Ѓорге Паљошковски:** Делумно сум задоволен, а дополнителното прашање ќе му го поставам на министерот како работат ветеринарните станици.

**Слободан Најдовски:** Повелете господине заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Незнам дали ќе претпоставам или дали добро го разбирам прашањето и со цел ризик ќе се обидам да одговорам како работат.

Ветеринарните станици работат исклучиво по програма од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и по таа програма работат и ги извршуваат своите задачи. За сите извршени задачи се контролирраат преку државните инспектори за ветеринарство кои се во состав на

Министерството и тие се државни инспектори. Не знам што друго. Незнам дали успеав да го разберам прашањето.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Од пратениците е пријавен уште господинот Аднан Ќахил, но не е присутен на седницата.

Дами и господа пратеници, претставници на Владата, со ова е исцрпена листата на пријавените пратеници за поставување пратенички прашања.

Ја заклучувам Деведесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 16,30 часот)